ИНТЕГРИРАНО СПРЕЧУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЗАГАДУВАЊЕТО

ОБРАЗЕЦ ЗА БАРАЊЕ ЗА ОБНОВА НА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА



Инсталација: каменоломот, сепарацијата и бетонската база
Локалитет:с.Заграчани - Струга
Инвеститор: ТДГТСУ Несим Рахмани „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ“ увоз – извоз, Заграчани
ДООЕЛ с.Заграчани – Струга

Септември, 2025 година.

СОДРЖИНА

I.	**ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ**	**14**
II.	**ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ**	**82**
III.	**УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА**	**104**
IV.	**СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА**	**108**
V.	**ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД**	**130**
VI.	**ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА**	**133**
VII.	**ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА**	**152**
VIII.	**ЕМИСИИ ВО ПОЧВА**	**154**
IX.	**ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ**	**155**
X.	**БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ**	**156**
XI.	**ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ**	**159**
XII.	**ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ**	**168**
XIII.	**СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ**	**174**
XIV.	**РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ**	**182**
XV.	**РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ**	**185**
XVI.	**ИЗЈАВА**	**193**
XVII.	**ПРИЛОЗИ**	**194**

Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга

I ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Име на компанијата[1]	Трговско друштво за градежништво, трговија, сообраќај и услуги Несим Рахмани ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ увоз - извоз, Заграчани, ДООЕЛ
Правен статус	ДООЕЛ
Сопственост на компанијата	Приватна
Сопственост на земјиштето	Приватна и државна за ископ на минерална суровина
Адреса на локацијата (и поштенска адреса, доколку е различна од погоре споменатата)	с.Заграчани Струга
Број на вработени	6
Овласте преставник	Љундрим Рахмани
Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето[2]	Прилог 2 точка: 3.2 Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, доколку не се опфатени со Прилог 1 од уредбата 3.3 Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите поголем од 50 м^3
Проектиран капацитет	15.000 тони годишно, мелење на камена фракција како и производство на готова бетонска маса од 35 м^3 на час

I.1 Вид на Барањето[3]

Обележете го соодветниот дел

Нова инсталација	
Постоечка инсталација	W
Значителна измена на постоечка инсталација	
Престанок со работа	

I.2 Орган надлежен за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола

Име на единицата на локална самоуправа	Општина Струга
Адреса	Маршал Тито б.б. 6330 Струга
Телефон	046 781-335

[1] Како што е регисгрирана во Централен регисгар на РМ. важечка на денот на апликацијата

[2] Да се внесат шифрите на активностите на инсталацијата согласно Прилог I од Уредбата за опредслување на активностите на инсгалациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оператитен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план (Службен весник на РМ. бр. 89/05). Доколку инсталацијата вклучува повеќе активности кои се предмет на ИСКЗ. треба да се означи шифрата за секоја активност. Шифрите треба да бидат јасно одделени една од друга.

3 Ова барање не се однесува на трансфер на дозволата во случај на продажба на инсталацијата

Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга

II ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

Опишете ја постројката, методите, процесите, помошните процеси, системите за намалувањето и третман на загадувањето и искористување на отпадот, постапките за работа на постројката, вклучувајќи и копии од планови, цртежи или мапи, (теренски планови и мапи на локацијата, дијаграми на постапките за работа).

Повеќе детали се дадени во Прилог II

III УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Приложете организациони шеми и други релевантни податоци. Особено да се наведе лицето одговорно за прашањата од животната средина.

Повеќе детали се дадени во Прилог III

IV СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

Приложете листа на суровините и горивата кои се користат, како производите и меѓупроизводите.

Повеќе детали се дадени во Прилог IV

Пополнете ја следната табела (додадете дополнителни редови по потреба)

Реф.бр или	**Материјал/ Супстанција(1)**	**CAS(4) Broj**	**Категорија на опасност(2)**	**Моментално складирана количина во (t)**	**Годишна употреба (t)**	**R i S фрази (3)**
1.	Суровини Сив варовник	471-34-1; 7631-86-9	Не е опасен	/	15.000	R36;R37; R38 S26;S36
	Готова Бетонска маса Бетон МБ 30, 150, 200, 250, 300	/	Не е опасен	/	12.000	/
2.	Помошни материјали Вода	/	Не е опасен	/	3000 m3	/

3.	Масло за подмачкување	56-81-5 7325-17-9	Класа 9	0,05	0,43	S26; S36
4.	Моторно масло	56-81-5 7325-17-9	Класа 9	/	0,5	S26;S36
5.	Дифренцијално масло	56-81-5 7325-17-9	Класа 9	/	0,2	S26;S36
6. 7. 8. 9.	Каиши Црева за хидраулика Метални резервни делови Гуми	/	Не е опасен	20 пар. 10 пар. 0.2 0.4	10 пар. 10 пар. 1 1	/
10.	Дизел гориво	68334-30-5	Класа 3	/	10	R10
11.	Струја	/	/	/	10 MWh	/
12.	Стопански експлозив	628-96-6 55-63-0 648-52-2 121-14-2 602-01-7 118-96-7 619-15-8 606-15-8	Класа 1а Класа 1б Класа 1в	/	1	R5;R22;R23; R24;R25;R33; R42;R43;R45 S26;S27;S36; S37;S39;S45; S35;S44

		606-20-2 610-39-9				
13.	Тампон 0-32 mm	471-34-1; 7631-86-9	Не е опасен	200	3.000	R36;R37;R38 S26;S36
14.	Тампон 0-32 mm Гранулат 0-4 mm Гранулат 4-8 mm Гранулат 8-16 mm Гранулат 16-32 mm	471-34-1; 7631-86-9	Не е опасен	1000 500 800 600	3.000 3.000 3.000 3.000	R36;R37;R38 S26;S36
15.	Цемент	65997-15-1	Не е опасен	150	1.610	

1. Во случај каде материјалот вклучува одреден број на посебни и достапни опасни супстанции, дадете детали за секоја супстанција.
2. Закон за превоз на опасни материи (Сл. Лист на СФРЈ бр. 27/90, 45/90, Сл. Весник на РМ 12/93)
3. Според Анекс 2 од додатокот на упатството
4. Chemical Abstracts Service

V ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД

Во долната табела вклучете го целиот отпад што се создава, прифаќа за повторно искористување или третира во рамките на инсталацијата (додадете дополнителни редови по потреба).

Повеќе детали се дадени во **Прилог V**

Реф.бр	Вид на отпад/материјал	Број од европскиот каталог за отпад	Количина		Преработка/ одложување	Метод и локација на одложување
			Количина по месец [toni]	Годишна Количина [toni]		
1.	Моторно трансмисионо масло	13 01 (01 09 10 11 13), 13 02 (04 05 06 08)	40 l	0.200 L		Превземачи

2.	Филтри за масло	16 01 07	/	30 ±	/	Комунална депонија(ЈКП)
3.	Гуми, каиши	16 01 03		14 35	/	Приватни превземачи
4.	Метален отпад	17 04 05			/	Приватни превземачи
5.	Комунален отпад	15 01 01; 15 01 02; 15 01 03; 15 01 04; 15 01 05; 15 01 06; 15 01 09	2 m^3	24 m^3	Одложување	Општинска комнална депонија
6.	Талог од бетон од перење на опремата	01-04-12	Во зависност од работата	Во зависност од работата	Переработка	На локација на инсталација
7.	Отпадна вода од таложење	01-04-12		Се реупотребува во процесот на производство	Складирање	На локација на инсталација
8.	Јаловина - земја	10 12 01; 10 12 03	20	1.000	Хортикултурно уредување на површините, приватни преземачи	Реупотреба
9.	Талог од Бетон	01-04-12	0,7	80	Одложување	Реупотреба после мелење на сепарацијата
10.	Отпадна вода од таложење	01-04-12	0	700	Складирање	Реупотреба

VI. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА

Приложете листа на сите точкасти извори на емисии во атмосферата, вклучувајќи и детали на котелот и неговите емисии.
Опишете ги сите извори на фугитивна емисија, како на пр. складирање на отворено.

Апликантот е потребно да посвети особено внимание на оние извори на емисија кои содржат супстанции наведени во Анекс 2 од додатокот на Упатството.
Повеќе детали се дадени во Прилог VI

За други големи извори на емисии во производството:

Извор на емисија	Детали за емисија				Намалување на загадување
Референца/бр. На оџак	Висина на оџак	Супстанција/ материја	Концентрација [mg/m_3]	Проток на воздух	Тип на филтер/циклон/скрубер

	[m]			[$Nm^3/час$]	
ММ 1	/	Бучава	/	/	/
ММ 2	/	Бучава	/	/	/
ММ 3	/	Бучава	/	/	/
ММ 4	/	Респирабилна прашина	/		

За други големи извори на емисии во производството:

Нормалните услови за температура и притисок се: 0oC, 101.3 kPa

VII. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА

Барателот треба да наведе за секој извор на емисија посебно дали се емитуваат супстанции наведени во Анекс II од Додатокот на Упатството.
Потребно е да се дадат детали за сите супстанциии присутни во сите емисии, согласно Табелите III до VIII од Уредбата за класифицкација водите (Сл. Весник 18-99). Треба да се вклучат сите истекувања на површински води, зедно со водите од дождови кои се испуштаат во површинските води.
Повеќе детали се дадени во ***Прилог VII***

Пополнете ја следната табела:

Параметар	Пред третирање				После третирање				
Име на супстанца	Макс. просек на час [mg/l]	Макс. Дневен просек [mg/l]	kg/den	kg/god.	Макс.просек на час [mg/l]	Мсакс. Дневен просек [mg/l]	Вкупно kg/den	Вкупно kg/god.	Идентитет на реципиентот [6N;6E][4]

Следените табели треба да се пополнат во случај на директно испуштање во реки и езера.

Точка на мониторинг/ Референци од Националниот координатен систем:

Параметар	**Резултати (mg/l)**				**Нормален аналитички опсег**	**Метода/Техника на анализа**
	Датум	**Датум**	**Датум**	**Датум**		
pH						
Температура						
Електрична проводливост µS						
Амониумски азот NH_4-N						
Хемиска						

[4] Согласно националниот координативен систем

потрошувачка на кислород						
Био Хемиска потрошувачка на кислород						
Растворен кислород O_2(r-r)						
Калциум Ca						
Кадиум Cd						
Хром Cr						
Хлор Cl						
Бакар Cu						
Железо Fe						
Олово Pb						
Магнезиум Mg						
Манган Mn						
Жива Hg						

Точка на мониторинг/ Референци од Националниот координатен систем:

Параметар	**Резултати (mg/l)**				**Нормален аналитички опсег**	**Метода/техника на анализа**
	Датум	**Датум**	**Датум**	**Датум**		
Никел Ni						
Калиум K						
Натриум Na						
Сулфат SO_4						
Цинк Zn						
Вкупна Базичност (како $CaCO_3$)						
Вкупен органски јаглерод TOC						
Вкупен оксидиран азот TON						
Нитрити NO_2						
Нитрати NO_3						
Фекални колиформни бактерии во раствор (/100ml)						
Вкупно бактерии во раствор (/100ml)						
Фосфати PO_4						

VIII ЕМИСИИ ВО ПОЧВА

Опишете ги постапките за спречување или намалување на влезот на загадувачки материи во подземните води и на површината на почвата..

Потребно е да се приложат податоци за познато загадување на почвата и подземните води, за историско или моментално загадување на самата локација или подземно загадување.

Повеќе детали се дадени во **Прилог VIII**

IX. ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ

Во случај на отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени, во следната табела треба да се опишат природата и квалитетот на супстанцијата (земјоделски и неземјоделски отпад) што треба да се расфрла на земјиште (ефлуент, мил, пепел), како и предложените количества, периоди и начини на примена (пр. Цевно испуштање, резервоари).

Повеќе детали се дадени во **Прилог IX**

Идентитет на површината	
Вкупна површина (ha)	
Корисна површина (ha)	
Култура	
Побарувачка на Фосфор (кг P/ha)	
Количество на мил расфрлена на самата фарма (м3/ha)	
Проценето количесто Фосфор во милта расфрлена на фармата (kg P/ha)	
Волумен што треба да се аплицира (m3/ha)	
Аплициран фосфор (kg P/ha)	
Вк. Количество внесена мил (m3)	

X .БУИЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

Листа на извори (вентилација, компресори, пумпи, опрема) нивна местоположба на локацијата (во согласностсо локациската мапа), периоди на работа (цел ден и ноќ / само преку ден / повремено).

Извор на емисија Референца/бр	Извор/уред	Опрема Референца/бр.	Интензитет на бучава dB на означена одалеченост	Периоди на емисија број на часови предпладне./ попладне
N1	Стопански двор	Транспортни уреди		8 часа предпладне
N2	Подготовка на Бетонска маса мелење дробење на минерална суровина	Машини за производство готова бетонска маса и сепарација		8 часа предпладне

Обележете ги референтните точки на локациската мапа и на опкружувањето.

За амбиентални нивоа на бучава:

Референтни точки:	Национален координатен систем	Нивоа на звучен притисок dB		
	(5N, 5E)	L(A)eq	L(A)10	L(A)90
Граници на локација				
Локација 1				
Локација 2				
Локација 3				
Осетливи локации				
Локација 5:				
Локација 6:				
Локација 7:				
Локација 8:				

Наведете ги изворите на вибрации и на нејонизирачко зрачење (топлина или светлина)

Повеќе детали се дадени во Прилог **X**

XI. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

Опишете го мониторингот и процесот на земање на примероци и предложете начини на мониторинг на емисии за вода, воздух и бучава.

Пополнете ја следната табела:

Параметар	Фрекфенција на мониторинг	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/техника
Емисии во воздух Респирабилна прашина PM 10	еднаш Годишно	JUS Z. BO 001/714 Gravimetric method (Apex iltle personal sampling pump)	HundTm-Data digitalen Апарат гравиметриски
Емисија на бучава Интензитет на бучава	еднаш Годишно	4 in 1 Multi – function Environment Meter	ICE 651; ICE 840

Повеќе детали се дадени во Прилог **XI**

XII. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Операторите кои поднесуваат барање за дозвола за усогласување со оперативен план приложуваат предлог-оперативен план според чл. 134 од законот за животна средина (Сл.весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22, 171/22 и 3/25).

Повеќе детали се дадени во Прилог XII

XIII СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ

Опиши ги постоечките или предложените мерки, вклучувајќи ги процедурите за итни случаи, со цел намалување на влијанието врз животната средина од емисиите настанати при несреќи или истекување.

Исто така наведете ги превземените мерки за одговор во итни случаи надвор од нормалното работно време, т.е. ноќно време, викенди и празници.

Опишете ги постапките во случај на услови различни од вообичаените вклучувајќи пуштање на опремата во работа, истекувања, дефекти или краткотрајни прекини.

Повеќе детали се дадени во Прилог XIII

XIV. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

Опишете ги постоечките или предложените мерки за намалување на влијанието врз животната средина по делумен или целосен престанок на активноста, вклучувајќи отстранување на сите штетни супстанции.

Повеќе детали се дадени во **Прилог XIV**

XI. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ

На ова место треба да се вметне преглед на целокупното барање без техничките детали. Прегледот треба да ги идентификува сите позначајни влијанија врз животната средина поврзани со изведувањето на активноста/активностите , да ги опише постоечките или предложени мерки за намалување на влијанијата. Овој опис исто така треба да ги посочи и нормалните оперативни часови и денови во неделата на посочената активност.

Повеќе детали се дадени во Прилог XI

XVI. *ИЗЈАВА*

Со оваа изјава поднесувам барање за дозвола/ревидирана дозвола, во согласност со одредбите на Законот за животна средина (Сл.весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22, 171/22 и 3/25) и регулативите направени за таа цел.

Потврдувам дека информациите дадени во ова барање се вистинити, точни и комплетни.

Немам никаква забелешка на одредбите од Министерството за животна средина и просторно планирање или на локалните власти за копирање на барањето или на негови делови за потребите на друго лице.

Потпишано од: ДООЕЛ ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ Датум**: 05.09.2025**

(во името на организацијата)

Име на потписникот : Љундрим Рахмани

Позиција во организацијата: Управител/Сопственик

Печат на компанијата

ПРИЛОГ I

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

I.1 Решение од централен регистар (тековна состојба)

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/151320250001820

Датум и време: 5.9.2025 г. 11:16

ТЕКОВНА СОСТОЈБА


ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	4454839
Целосен назив:	Трговско друштво за градежништво, трговија, сообраќај и услуги Несим Рахмани ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ увоз-извоз Заграчани ДООЕЛ
Кратко име:	ЗАГРАЧАНИКОМЕРЦ
Седиште:	ЗАГРАЧАНИ, СТРУГА
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	23.9.1992 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4026992102059
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	485.956,00
Уплатен дел MKD:	485.956,00
Вкупно основна главнина MKD:	485.956,00

СОПСТВЕНИЦИ	
ЕМБГ/ЕМБС:	2108992434018
Име и презиме/Назив:	ЉУНДРИМ РАХМАНИ
Адреса:	НАСЕЛЕНО МЕСТО БЕЗ УЛИЧЕН СИСТЕМ ЗАГРАЧАНИ, СТРУГА
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	485.956,00

Број: 0805-50/151320250001820

Страна 1 од 2



Платен дел MKD:	485.956,00
Вкупен влог MKD:	485.956,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	08.110 - Вадење декоративен камен, варовник, гипс, шкрилци и други камења
Други дејности:	Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет

ОВЛАСТУВАЊА

Управител

ЕМБГ:	2108992434018
Име и презиме:	ЉУНДРИМ РАХМАНИ
Адреса:	НАСЕЛЕНО МЕСТО БЕЗ УЛИЧЕН СИСТЕМ ЗАГРАЧАНИ, СТРУГА
Овластувања:	Управител, ВСС
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
Дополнителни информации:	Решение О.бр.29/21 УДР бр.6/21 од 03.02.2021 година, нотар Вирѓинија Баута Струга.
КОНТАКТ	
E-mail:	zagracani.komerc@gmail.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.


*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

I.2 Договор за концесија



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-3742/1
25.07.2014 год.
СКОПЈЕ

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГРА... ТРГОВИЈА СООБРАЌАЈ... НЕСИМ РАХМАНИ ЏОО ... ЗАГРАЧАНИ КО... БР. 01-01/2014 15.07.2014 год. с.ЗАГРАЧАНИ-СТРУГА

Врз основа на член 46 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12, 25/13, 93/13 и 44/14) и Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштво за градежништво, трговија, сообраќај и услуги "ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ" увоз-извоз Заграчани ДООЕЛ Струга на локалитетот "Бабуш" с.Заграчани, општина Струга бр.42-2269/1 од 07.07.2014 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/14)

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Bekim Neziri
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Друштво за градежништво, трговија, сообраќај и услуги "ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ" увоз-извоз Заграчани ДООЕЛ Струга
со адреса: Заграчани, Струга, Република Македонија
застапувано од лицето Несим Рахмани

(во натамошниот текст: концесионер)

на ден _____ 2014 година во Скопје, склучија:

ДОГОВОР ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ "БАБУШ" С.ЗАГРАЧАНИ, ОПШТИНА СТРУГА

Член 1
Предмет на договорот

Предмет на овој договор е уредување на правата и обврските на Концедентот и Концесионерот кои произлегуваат од доделувањето на Концесијата за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот "Бабуш" с.Заграчани, општина Струга.

Со овој договор се уредуваат целта и предметот на концесијата, рокот на важење на концесијата, површина на просторот на кој се доделува концесијата за експлоатација, висината и начинот на плаќање и пресметување на надоместокот за концесијата, условите за вршење на концесијата, начинот и рокови за поднесување на сметки и финансиски или други извештаи во врска со извршената експлоатација на минерални суровини од страна на концесионерот, начинот на вршење на надзор и инспекција на концесијата, условите за продолжување на важење на концесијата/договорот, начинот на решавање на споровите, начин и услови под кои се одзема концесијата, како и други услови соодветни на предметот на концесијата.

Член 2

Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 1 на овој договор се доделува за период од 30 (триесет) години.

Член 3

Простор на кој се доделува концесијата

Просторот на кој е доделена концесијата односно од член 1 на овој договор се наоѓа на локалитетот "Бабуш" с.Заграчани, општина Струга и го зафаќа просторот ограничен со точки, дефинирани со координати, точките меѓусебно поврзани со прави линии како што се дадени на Топографската карта приклучена кон овој договор во мерка М = 1 : 25 000 во Гаус-Кригерова проекција, и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
Т-1	7468850	4561890
Т-2	7468780	4562250
Т-3	7468840	4562250
Т-4	7469070	4562100
Т-5	7469250	4561950
Т-6	7469250	4561900

Површината на просторот на концесијата за експлоатација од став 1 од овој член изнесува P= 0.096850 km^2/квадратни километри/.

Член 4

Имотно правни односи

Заради експлоатација на минералната суровина – варовник предмет на овој договор, концесионерот е должен да го реши прашањето на користење на земјиштето на кое ќе се врши експлоатација на минералните суровини, предмет на овој договор.

За просторот опфатен со експлоатационото поле, Концесионерот е должен да ги извести Јавното претпријатие за стопанисување со шуми "Македонски шуми" кое благовремено треба да изврши сеча на шумата.

Истовремено, Концесионерот треба да обезбеди средства за пошумување на исто толкава површина колку што изнесува површината опфатена со објектот, која ќе ја определат заедно со ЈП "Македонски шуми".

Начинот на извршување на работите од став 2 на овој член, евентуалните штети кои ќе настанат со експлоатацијата и надоместокот за штетите, ќе се определи во меѓусебен договор склучен помеѓу Концесионерот и ЈП "Македонски шуми", што ќе биде услов за добивањето на дозволата за експлоатација.

Договорот од ставот 4 на овој член може да се раскине доколку концесионерот не ги исполни условите наведени во истиот.

Член 5

Обврски за заштита на водите

Пред започнување со експлоатација на минералната суровина-варовник на локалитетот "Бабуш" с.Заграчани, општина Струга, Концесионерот е должен, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, да достави барање за добивање на водостопанска согласност согласно Законот за води.

Правното или физичкото лице кое при експлоатација на минералната суровина и други активности на ископување наиде на подземни води (извори на води, истечени и непроточни води) е должно веднаш да изврши заштита на подземната вода, најдоцна во рок од 24 часа од пронаоѓањето и за тоа да го извести органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Со експлоатација не смее да се предизвика било какво оштетување или нарушување на функционалноста на водостопанските објекти ако се наоѓаат на самиот локалитет или во негова близина.

Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од објектите за комерцијална и деловна намена.

При експлоатација не смее да се предизвикаат негативни влијанија врз површинските и подемните води на наоѓалиштето или во неговата околина, ниту пак со пристапните патишта кои се наменети за функцијата на ова наоѓалиште. Доколку дојде до евентуално нарушување на режимот на водите, инвеститорот е должен најитно да превземе мерки за отстранување на таквата состојба.

Со пристапните патишта да не се зафатат и оштетат водостопанските објекти, природните речни текови и помали водотеци.

Член 6

Сообраќајна инфраструктура

Концесионерот е должен да обезбеди сообраќајна согласност за приклучок на јавен пат на начин и под услови утврден со закон.

Концесионерот потребно е да превзема мерки за спречување на недозволени дејствија на патот, патниот и заштитниот појас. Широчината на заштитниот појас на автопатот на кој не можат да се градат објекти или изведуваат градежни работи кои не се во функција на патот изнесува 40 метри, на

магистрални и регионални патишта изнесува 20 метри, а на општински патишта изнесува 10 метри.

Концесионерот корисник на концесионото поле во текот на експлоатциониот период да не го зафаќа: патот (коловозот), како и патниот појас со било каков градежен материјал и механизација.

Сите трошоци за санирање при евентуално појавените деформации на патот (коловозот) и патниот појас, при експлоатација на минерални суровина – шкрилец или од движење и работа на механизацијата од патната инфраструктура, ќе паднат на товар на имателот на концесионото поле.
За добивање на дозвола за експлоатација, во врска со сообраќајниот приклучок на концесиското поле со јавен пат, Концесионерот е должен да прибави Решение за измена на режимот на сообраќај, односно Согласност за сообраќаен приклучок од Министерството за транспорт и врски, во случај кога приклучувањето би се вршело на магистрален или регионален пат. Ако истото би се вршело на локален пат, споменатите акти треба да се прибават од Општината.

Член 7

Обврски за заштита на животната средина

Експлоатацијата на минерални суровини концесионерот е должен да ја врши согласно пропишаниот режим и мерки за заштита дефинирани во елаборатот за заштита на животната средина, како и кон дополнителните решенија доколку во текот на експлоатацијата се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

Концесионерот должен да се придржува кон Законот за минерални суровини, Законот за животната средина и другите прописи од областа на животната средина.

Член 8

Пренос на концесијата

Концесијата за експлоатација може да се пренесува само во целост на начин и под услови утврдени со закон.

Со преносот на концесијата, концесионерот ги стекнува правата и обврските кои произлегуваат од издадените дозволи и одобренија од надлежните органи, во смисла на овој и друг закон, а што се поврзани со експлоатација на минералните суровини кои се предмет на концесијата за експлоатација. За преносот на концесијата концедентот и концесионерот склучуваат договор за пренос на концесијата.

Концесионерот не смее да ја даде под закуп концесијата за експлоатација на минерални суровини.

Член 9

Почеток на експлоатација

Со експлоатација на минералната суровина – варовник, може да се отпочне откако на концесионерот ќе му се издаде Дозвола за експлоатација на начин и под услови утврдени со закон.

Член 10

Надоместоци за концесијата

Заради користење на просторот односно на површината на која е доделена концесијата за експлоатација на минерална суровина концесионерот на концедентот е должен да му плаќа концесиски надоместок под услови, на начин и во износ определен согласно важечкиот Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концеси за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

За експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот "Бабуш" с.Заграчани, општина Струга, концесионерот е должен на концедентот да му плаќа концесиски надоместоци за експлоатација под услови, на начин и во висина определени согласно важечкиот Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.
Концесискиот надоместок заради користење на простор на кој е доделена концесијата за експлоатација, Концесионерот е должен да го плаќа за секоја година пооделно, а најдоцна до 31 декември во тековната година. Концесионерот е должен обрската за плаќање на концесискиот надоместок заради користење на простор на кој е доделена концесијата за експлоатацијата на минерални суровини е должен да ја плаќа за целиот период на траење на концесијата.

Плаќањето на концесискиот надоместок за продадената количина на минерална суровина се врши на секои три месеци, односно Концесионерот е должен плаќањето на овој надоместоци да го изврши најдоцна до 15-ти во месецот кој што следи, а по истекот на трите месеци кои служат како основа за пресметка.

Доколку Концесионерот задоцни со наплатата на концесискиот надоместок, покрај главнината му се пресметува и законска казнена камата, согласно Законот за облигациони односи.
На долгуваниот износ на концесики надоместок се наплатува законска казнена камата, од датумот на истекување на пропишаниот рок се до датумот на плаќање, а која стапка се определува за секое полугодие и тоа во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на НБРМ (референтна стапка), што важела на последниот ден од полугодието

што му претходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени, за соодветниот период.

Надоместоците од овој член се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на Трезорската сметка.

Член 11
Надомест на штета

Концесионерот е должен во целост да ги надомести штетите причинети на трети лица настанати при експлоатација на минералните суровини, како и штетите предизвикани врз животната средина на начин и под услови утврдени со закон.

Член 12
Обезбеден пристап за посебни потреби

Преку концесискиот простор, може да се градат јавни патишта, железнички пруги и други сообраќајници, електрични водови, водоводи, нафтоводи и гасоводи под услови утврдени со закон.

Доколку низ концесискиот простор поминуваат инфраструктурни објекти (пат, далновод и друго), концесионерот не смее да ги уништува и загрозува истите и е должен да го овозможи нивното користење од страна на други лица.

Доколку се работи за изведување на инфраструктурни објекти од јавен интерес (пат, далновод, железнички пруги, водостопански објекти и други објекти од јавен интерес) во концесискиот простор, тие можат да се градат доколку имателот на дозвола за градба во текот на градбата обезбеди услови за непречена и безбедна експлоатација на минералните суровини.

Член 13
Обврски на концесионерот при експлоатација на минералните суровини

По добивањето на дозвола за експлоатација, концесионерот при изведување на рударските работи за експлоатација на минералните суровини е должен:

- во целост да ги почитува и применува обврските утврдени со закон и
- доколку во процесот на експлоатација бидат откриени, објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија концесионерот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство согласно важечките законски прописи;

Концесионерот при изведување на рударските работи и вршењето на експлоатација на минерални суровини е должен на локацијата каде што тие се вршат да има дозвола за експлоатација на минерални суровини и друга документација утврдена со закон.

Концесионерот при изведување на рударските работи и вршењето на експлоатација на минерални суровини е должен да врши класификација и прекатегоризација на рудните резерви.

Член 14
Случај на Виша Сила

Случај на Виша Сила се сите настани кои ќе настанат по датумот на склучување на овој договор, кои се надвор од контролата на договорните страни и кои директно влијаат или ја спречуваат договорната страна навреме да ги изврши обврските кои произлегуваат од овој договор.

Член 15
Безбедност и заштита при работа

Заради безбедност на животот и здравјето на работниците, концесионерот или изведувачот на експлоатацијата на минерални суровини е должен навремено да ги спроведува мерките за безбедност при работа односно да ја организира и уреди заштитата при работа со акт согласно со специфичните услови и опасности во објектите на начин и под услови утврдени со Законот за минерални суровини и законот за безбедност и здравје при работа.

Концесионерот или изведувачот при експлоатацијата на минералните суровини при изведувањето на рударските работи и вршење на надзор е должен да обезбеди техничко надзор и водење на работите на изведувањето на рударските работи според рударските проекти, техничките прописи, како и според прописите за заштита при работа на начин утврден со закон.

Концесионерот кој управува со инсталација за управување со отпад треба да назначи одговорно лице кое е одговорно за надзор над програмата за спечување на значителни опасности.

При изведување на рударски работи, концесионерот или изведувачот мора да превземе мерки заради заштита на животот и здравјето на граѓаните, недвижните и движните предмети на начин и под услови утврдени со закон.

Концесионерот или изведувачот, кој изведува рударски работи каде што постои опасност од пожар, експлозија, појава на отровни гасови, или пак можности од навлегување на гасови, вода и тиња, мора да организира служба за спасување и служба за против пожарна заштита во согласност со закон.

Член 16
Времено запирање на експлоатацијата и изведување на рударските работи

Концесионерот е должен времето прекинување на изведувањето на рударски работи при експлоатација на минералните суровини поради непредвидени причини (појава на гас или дополнителни количини на вода, горски удари, јамски пожари, пореметување на главни патишта за проветрување и одводнување, лизгање на терен и слично) да го пријави до

органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини и Државниот инспекторат за техничка инспекција најдоцна 24 часа по запирање на работите, а во случај на сериозни опасности веднаш.

Ако концесионерот планира времено запирање на работите повеќе од шест месеци во тековната година потребно е најмалку 30 дена пред времето запирање да го извести Државниот инспекторат за техничка инспекција, и да изврши рударски мерења на состојбите, како и дополнување на рударските планови, да направи записник за причините за престанување на работите и за опасностите кои можат да настанат во текот на запирањето и при повторниот почеток на работите. Времето запирање на изведувањето на рударски работи не може да трае подолго од една година.

Концесионерот во периодот на времето прекинување на рударските работи, е должен редовно да ги одржува јамските простории и објекти во стабилна, сигурна и безбедна состојба.

Доколку концесионерот не продолжи со експлоатација на минералните суровини по рокот определен во став (2) од овој член, истиот е должен да изготви дополнителен проект во согласност со закон.

Концесионерот во периодот на времето прекинување на рударските работи, е должен редовно да ги одржува јамските простории и објекти во стабилна, сигурна и безбедна состојба.

Член 17

Надзор над концесијата

Концедентот врши постојан и редовен надзор на начинот и вршењето на концесиската дејност и почитувањето на обврските од овој договор од страна на концесионерот во согласност со закон.

Концедентот има право да овласти надлежен орган или друга независна институција да врши постојан надзор во извршувањето на обврските на концесионерот во текот на траењето на концесијата.

Член 18

Престанок на концесијата

Концесијата за експлоатација на минерални суровини престанува да важи во случаи утврдени со закон.

Во случај на престанок на концесијата за експлоатација, престануваат да важат сите дозволи, решенија и одобренија сврзани со овој Договор за концесија за експлоатација на минерални суровини.

Член 19

Едностарно раскинување на концесијата за експлоатација на минерални суровини од страна на концедентот

Концедентот може едностарно да го раскине договорот за концесија во случај кога:

- концесионерот го пренесе предметот на концесијата за експлоатација на минерални суровини на друг концесионер без согласност на концедентот;
- кај концесионерот настапи состојба на присоединување, спојување и поделба без добиена писмена согласност од концедентот;
- концесионерот изврши пренос на акции или удели кај концесионерот на кој му е доделена концесијата за експлоатација кои поединечно или во збир, би довеле до промена на управувачкиот пакет во друштвото без претходна писмена согласност на концедентот на начин утврден со Законот за минерални суровини;
- концесионерот го издаде предметот на концесија под закуп;
- концесионерот започне со експлоатација на минералните суровини пред да добие дозвола за експлоатација;
- концесионерот не постапува по изречените мерки во постапката на надзор согласно со закон;
- концесионерот не достави барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерални суровини во рок од една година сметано од денот на склучувањето на овој договор;
- концесионерот не започнал со експлоатација на минералните суровини во рок од една година сметано од денот на издавање на дозволата за експлоатација;
- концесионерот не го платил концесискиот надоместок за доделената концесија на начин и под услови утврдени со Законот за минерални суровини и прописите донесени врз основа на Законот за минерални суровини;
- концесионерот не извршил геодетско снимање и не изготвил геодетски елаборат со пресметка на откопаните количини на минерални суровини или пак геодетскиот елаборат не го доставил до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во текот на две години последователно;
- концесионерот прекинал со изведување на рударските работи подолго од една година и
- концесионерот врши експлоатација на минералните суровини и не се придржувал кон решенијата и мерките во однос на заштитата на

9

животната средина утврдени со прописите од областа на животната средина.

Член 20

Едностранo раскинување на концесијата за експлоатација на минерални суровини од страна на концесионерот

Концесионерот може едностранo да го раскине договорот за концесија во случај на:

- концедентот не ги извршува обврските кои произлегуваат од договорот;
- концедентот извршил битна повреда на одредбите од договорот или на законите и прописите што се применуваат на договорот,
- концесионерот нема економски интерес за понатамошно извршување на концесијата за експлоатацијата и
- други случаеви утврдени со закон.

Член 21

Враќање на документација

Во случај на раскинување на овој договор, концесионерот е должен целокупната техничка документација во врска со концесијата и проектот да ги достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, веднаш по раскинувањето на истиот.

Член 22

Решавање на спорови

Договорните страни се согласни споровите настанати во врска со примената на овој договор да ги разрешат спогодбено.

Во случај спорот да неможе да се разреши согодбено, договорните страни се согласни спорот да го решаваат пред надлежниот суд во Скопје.

Член 23

Измени на Договорот

Овој договор може да биде изменет само со Анекс кон овој договор во писмена форма.

Член 24
Целост на Договорот

Составен дел на овој договор е и Топографската карта дадена во прилог на овој договор.

Член 25
Број на оригинални примероци

Овој договор е склучен во 7 (седум) еднообразни примероци, по четири примероци за Концедентот и по три примероци за Концесионерот.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА
Bekim Neziri

За Концесионерот
Друштво за градежништво, трговија, сообраќај и услуги
"ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ"
увоз-извоз Заграчани ДООЕЛ
Струга
Несим Рахмани

Подготвил: Снежана Трајановска-Богоева
Контролирал: м-р Костадин Јованов
м-р Ејуп Љатифи


Топографска карта на концесиски простор

1:25000

Локалитет: Бабуш с.Заграчани-Струга

Минерална суровина: Варовник

Површина = 0.096850 км2



T	Y	X
1	7468850	4561890
2	7468780	4562250
3	7468840	4562250
4	7469070	4562100
5	7469250	4561950
6	7469250	4561900

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-2267/5
23 05 2011 год.
СКОПЈЕ

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО ТРГОВИЈА СООБРАЌАЈ И УСЛУГИ НЕСИМ РАХМАНИ "ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ" ДООЕЛ
Бр. 01-2112/1
23.05.2011 год.
С.ЗАГРАЧАНИ-СТРУГА

Врз основа на член 18 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/07, 88/08, 52/09, 6/10, 158/10 и 53/11), Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања бр. 51-1821/1 од 29.03.2011 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/11)

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Ваљон Сараќини
(во натамошниот текст: концедент)

2. Трговско друштво за градежништво, трговија, сообраќај и услуги Несим Рахмани "ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ" увоз-извоз Заграчани ДООЕЛ
со адреса на с.Заграчани, Струга
застапувано од лицето Несим Рахмани
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден _____ 2011 година во Скопје, склучија

ДОГОВОР ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ "БАБУШ" С. ЗАГРАЧАНИ, ОПШТИНА СТРУГА

Член 1
Дефиниции

Одделни изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:

Година	е период од календарска година која започнува на 1 јануари и завршува на 31 декември.
Гаранција за извршување на деталните геолошки истражувања	е банкарска гаранција издадена од прифатлива банка која Концесионерот е должен да му ја достави на Концедентот и која Концедентот има право да ја активира во случај кога Концесионерот нема да ги изврши деталните геолошки истражувања во согласност со понудата, овој договор и применливото право на Република Македонија

Договор за Концесија	е договор склучен помеѓу Концедентот и Концесионерот заедно со сите прилози, тендерската документација и понудата на Концесионерот кои претставуваат составен дел на овој договор.
Дозволи и одобренија	се одобрувања, согласности, полномошна, одобренија, или слична документација која може да се бара од Концесионерот, а која ја издава државен орган или друг надлежен орган согласно применливото право на Република Македонија.
Државен орган	е орган на државната управа како дел од извршната власт во форма на министерства, други органи на државната управа и управни организации
Документи на Концесионерот	е комплетната понудена документација, сите мислења, согласности, дозволи и сета друга документација за предметот на Концесијата
Денар	е основно законско платежно средство на Република Македонија
Датум на раскинување	е датумот кога се раскинал овој договор и престанал да важи
Известување за раскинување	е писмено известување од договорната страна со кое се известува другата договорна страна за раскинување на овој договор согласно одредбите на овој договор и применливото право на Република Македонија.
Концесија	е акт со кој се доделува на користење простор за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини како добро од општ интерес на Република Македонија
Надоместок за концесија	е надоместокот кој се плаќа односно е платен од страна на Концесионерот за доделената Концесија за детални геолошки истражувања и истиот се плаќа пред склучувањето на Договорот за концесија на соодветна уплатна сметка во Буџетот на Република Македонија

2

Концедент	е Република Македонија претставувана преку Владата на Република Македонија
Концесионер	е избраниот понудувач со кој што Концедентот го потпишува овој договор
Локација	е просторот на кој ќе се вршат деталните геолошки истражувања
Применливо право на Република Македонија	се Уставот, законите и меѓународните договори што се во сила во Република Македонија
Погодена страна	е страна која е спречена да ги изврши своите обврски согласно Договорот како последица на случај на Виша Сила.
Период на Концесија	е периодот за кој се доделува Концесијата за детални геолошки истражувања
Понуда на Концесионерот	е целосната документацијата поднесена од страна на понудувачот во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања објавен на 30 декември 2010 година
Спор	е секое несогласување на договорните страни околу спроведувањето на овој Договор
Случај на неизвршување на обврските	е секое неизвршување на обврските кои произлегуваат од овој Договор од страна на договорните страни, и кои претставуваат причини за раскинување на Договорот
Страни на овој Договор	се Концедентот и Концесионерот потписници на овој Договор

Член 2

Предмет на договорот

1) Предмет на овој Договор е уредување на правата и обврските на Концедентот и Концесионерот кои произлегуваат од доделувањето на

Концесијата за детални геолошки истражувања на минерални суровини – варовник на локалитетот "Бабуш" с.Заграчани општина Струга, како и други права и обврски за концедентот и концесионерот кои произлегуваат од овој Договор.

Член 3
Предмет на концесијата

1) Предмет на Концесијата е доделување на простор на кој ќе се вршат деталните геолошки истражувања како добро од општ интерес на Република Македонија, каде што концесионерот ќе изврши детални геолошки истражувања на минерални суровини – варовник.
2) Површината на просторот на кој ќе се вршат деталните геолошки истражувања на минералните суровини, изнесува P= 0,09 km^2 и се наоѓа на локалитетот "Бабуш" с.Заграчани општина Струга.
3) Границите на просторот од став 2 од овој член се ограничени со точки, дефинирани со координати меѓусебно поврзани со прави линии како што се дадени на топографската карта, приклучена кон овој договор во мерка 1: 25 000 во Гаус-Кригерова проекција, и тоа:

Точка бр.	Координата X	Координата У
Т-1	4.561.890,00	7.468.850,00
Т-2	4.561.900,00	7.469.250,00
Т-3	4.561.950,00	7.469.250,00
Т-4	4.562.100,00	7.469.070,00
Т-5	4.562.250,00	7.468.840,00
Т-6	4.562.250,00	7.468.780,00

Член 4
Период за кој се доделува Концесијата

1) Концедентот на Концесионерот му доделува концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини – варовник за период од две години.

Член 5
Надоместок за Концесија

1) Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања на минералните суровини од 70.000,00 (седумдесет илјади денари), е платен

пред склучувањето на овој Договор за концесија, согласно објавениот Јавен повик (Службен весник на Република Македонија бр.171/10).

2) Во случај на раскинување на овој Договор за концесија, концедентот со ништо не е обврзан на концесионерот да му го врати надоместокот за доделената концесија.

Член 6

Вкупна проценка на вредноста на деталните геолошки истражувања

1) Вкупната проценка на вредноста на деталните геолошки истражувања изнесува 296.360,00денари.

Член 7

Имотно правни односи

1) Концесионерот е должен да обезбеди писмена согласност од сопствениците на земјиштето или корисниците на земјиштето во сопственост на Република Македонија за делот на земјиштето каде што се вршат деталните геолошки истражувања.

Инсталацијата сопственост на фирмата „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ“ ДООЕЛ е предвидена како еден производен објект со две намени, односно како место на кое ќе се произведуваат сите видови на фракции на сепариран камен односно Каменолом со сепарација на минерална суровина и производство на готова бетонска маса за употрба на градежништвото.

Потребата за задоволување на законските обврски и проектната програма која ја изготви инвеститорот – градителот ги дефинира сите функции во објектот и во голем дел од нив ја наметнаа функционалната шема, конструктивниот систем, токовите на комуникација околу објектот во динамичниот и стационарниот сообраќај, како бројот на учесниците кои секојдневно ќе престојуваат во објектот како вкупна бројка на посетители кои времено ќе престојуваат во и до објектот.

Инсталацијата сопственост на фирмата „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ“ се наоѓа на 9 км западно од Струга и 2км северно од регионалниот пат Струга – Г.п. Ќафасан, од десна страна на патот Заграчани – Долна Белица. Комуникациите врски се добри бидејќи во близина на сепарацијата поминува локалниот пат Струга – Долна Белица.

Сепарацијата за минерална суровина која се наоѓа во атарот на с.Заграчани, ќе врши преработка на камена маса во готови фракции на инертен материјал, и тоа фракции:

- 0 – 32 mm
- 0 – 4 mm
- 4 - 8 mm
- 8– 16 mm
- 16 – 32 mm

Во исто време на локацијата има и инсталација за производство на готова бетонска маса.

Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга

Стационарната бетонска база со капацитет на производство од 35 м3/час е со автоматско дозирање на гранулати. Гранулатите преку приемни бункери се прифаќаат и праеку автоматски систем на дозирање се внесуваат во мешалката каде се мешаат со цемент и вода.

Бетонската база е со капацитет на производство од 80 м3/час со соодветни бункери за гранулати и систем за дозирање на материјалите.

Во "ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ" – с.Заграчани - Струга работата се одвива во една смена со вкупно 6 вработени лица поделени во сгручните служби и производниот процес.

Објектот се состои од стационарна бетонска база, плац за складирање на суровини, плато за гранулати, силос за цемент со капацитет од 50 м3, објекти за складирање на Бетонска база, помошни материјали, покриена работилница со паркинг, компресорска станица, трафостаница, паркинг за механизација и возниот парк и помошни простории.

Во состав на инсталацијата се наоѓа механичарска работилница како и магацински простор за резервни делови за одржување на опремата.

Материјалот се транспортира со камиони од концесискиот простор до приемниот бункер на локацијата за сепарација на минералната суровина и во натамошната преработка се применуваат транспортни ленти, транспортери а складирањето на готовите фракции е на плац за готови производи.

Во инсталацијата на „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ" работата ќе се одвива во една смена со вкупно 6 вработени лица поделени во стручните служби и производниот процес.

Објектот се состои од две технолошка линија една за дробење, мелење и класирање на варовник, и втората Бетонска База, плац за складирање на готовите производи, објекти за складирање на помошни материјали, , паркинг за механизација на возниот парк и простории за вработените.

Дворното место се користи за складирање на суровини и полупроизводи на отворено, на места определени за таа намена.

Локацијата се напојува со електрична енергија од електроеергетскиот систем на Р.М. во состав на технолошката линија на локацијата веќе се наоѓа инсталација за која е издадена дозвола за усогласување со оперативен план за бетонската база сопственост на инвеститорот „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ“.

Технолошка и санитарна вода на локацијата се користи од селскиот водовод кој се напојува со вода од градскиот водовод т.е.МЈП ПРОАКВА – Струга. Исто така за потребите се користи и вода од Бунар со капацитет од 5 м3 вода на ден.

Самата локација нема атмосферска канализација а атмосферските води по гравитациски пат се одведуваат во природна вододерина.

Повеќе детали за локацијата се дадени во Прилогот II.5.7 **Обезбедување на границите на Инсталацијата од пристап на невработени лица**

Инсталацијата е техничко-технолошки изведена да може да работи непречено и безбедно од почеток до крај на работното време. Оградувањето на Инсталацијата од непосредната околина е извршено со природните ограничувања на западната и источната страна а северната страна со природна ограда од дрва со што се оневозможува пристап на невработени лица. Влегувањето и излегувањето од Инсталацијата се врши ограничено од двеодредени места, односно на главниот влез кој е на страната на пристапниот пат и сопреден влез од источна страна. На главниот влез е поставена табла со назив за означување на Инсталацијата.

Уредување и одржување на околината односно сообраќајниците во сепарацијата

Со цел да се обезбеди непречен пристап на возила и машини за дотур на материјали на базата се користат постојните сообраќајници и истите се одржуваат во чиста состојба

Определување на местото, просторот и начинот на разместување и складирање на градежните материјали

Сите материјали и опрема кои се потребни за процесот на експлоатацијата односно за изведување на одредена работа на Инсталацијата се поставени,

односно складирани, на однапред определено место, така да се овозможува лесен преглед и нивно не сметано земање без опасност од уривање и причинување на било каква повреда. Материјалите се разврстени по вид, тежина и приоритети .

Начин на транспортирање, натоварување, истоварување и депонирање на разни видови градежни материјали и тешки елементи

Транспортирањето, натоварувањето и истоварувањето и складирањето на материјалот од извршената експлоатација и тешките предмети се врши со превозни средства за превоз на таков вид материјал, камиони кипери и друг вид на градежна механизација, на начин соодветен за изведување на работите од овој вид.

Начин на обезбедување и обележување на опасните места на инсталацијата

Обезбедувањето на опасните места се врши така што на влезот на инсталацијата е поставена табла со натпис "Забранет влез на невработени", а за вработените се поставени табли за предупредување на местата каде постои опасност. Исто така се поставени табли со натпис за задолжително носење и користење на средства за лична заштита. Таблите за предупредување се поставени на видно место и на сите места каде постои можност од настанување на повреда.

Заради безбедност на вработените не смее да се врши поправка на машините и уредите додека претходно не се исклучи напонот. Во колку настанат дефекти на електричната инсталација отстранувањето на истите може да го врши само квалифиокувано лице за таа цел.

Заради заштита од удар на струја на работниците на сепарацијата, сите машини и уреди кои се напојуваат со електрична енергија се заземјени со заштитно заземјување. Кругот во кој е лоцирана сепарацијата е осветлен со систем на улично осветлување со светилки, а исто така и поединечни пресипни места се осветлени со светилки.

Мерки и средства за заштита од пожар

Заради карактерот на процесот на производство во самата сепарација особено внимание се посветува на мерките и средствата за заштита од пожари. Електричната инсталација, апаратите и машините на електричен погон секогаш се одржуваат во исправна состојба, а електричната инсталација низ канцелариите е прописно изведена со што е спречено појава на куса врска која може да предизвика пожар.

Во случај на пожар за негово гаснење ќе се користат апарати за ПП-Заштита а ако пожарот е од поголем карактер се бара помош од најблиската ПП - Бригада.

Во зоните на опасност, се забранува работа со алати, уреди и опрема со кои при работа се создава искрење и тоа претставува опасност од пожар и експлозија.

Пожарно оптоварување на објектите

Вкупното пожарно оптоварување е вкупна топлина која може да се ослободи од топлинската моќ на целиот горлив материјал во просторот т.е. таа ја претставува пресметковната вредност на топлинската енергија во еден објект, која може да се ослободи во пожар.

Согласно пресметката за канцеларијата, гардеробата и санитарните простории тие се со средно пожарно оптоварување.

Кај инфраструктурните објекти применети се следниве градежно конструктивни елементи со соодветна пожарна отпорност на истите:

Елементите од носивата челична конструкција се обоени со огноотпорна боја чија пожарна отпорност изнесува 30 минути

Опасност од избувнување пожар од инсталациите на опремата

На Инсталцијата нема инсталирано систем за складирање на горива па можност за избувнување напожар од ваков карактер е сведена на минимум.

Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга

Ангажираната механизација, потребна за ваков вид објекти, со гориво се снабдува со автоцистерни и цистерни преку директно преточување во резервоарите па во опасност од избувнување на пожар спаѓаат:

- Опасност од неправилно ракување со уредот за преточување
- Опасност од неизолирани цефки во моторите со внатрешно согорување
- Опасност од корозија
- Опасност од неможност за обезвоздушување на инсталацијата
- Опасност од неможност за празнење на инсталацијата
- Опасност од непредвидлива компензација на термичките инсталации

Опасност од избувнување пожар од електрични инсталации и мерки за заштита од пожар

Каблите за напојување на потрошувачите во инфраструктурните објекти се тип РРОО, со соодветен пресек димензиониран за максимално оптоварување. Со правилен избор на осигурачите и останатата опрема, спроведени се мерки за спречување на пожар од преоптоварување или куса врска.

За заштита на објектите, изведена е класична инсталација на заземјување од железно поцинкувана лента FeZn25x4mm положена во земјен ров.

Одредување зона на опасност

Зоната на опасност од избувнување почар е просторот околу:

Корисниците на електрична енергија; електромоторите на постројката и електричните апарати во инфраструктурните објекти

Мерки и средства за лична - заштита

За **лична** — заштита се предвидуваат вообичаените мерки,како што се:

Забрането внесување на запалливи материјали во близина на просторот каде се врши полнење на гориво

Одредување посебно место за дополнување на гориво

Заземјување на сите метални делови од постројката и трафостаницата Како значајна мерка за заштита се предвидува и поставување на знаци за предупредување,како:

- Забрането пушење околу просторот за манипулација со гориво
- Забранета употреба на отворен пламен во близина на просторот за манипулација со гориво
- Забранета употреба на алат кој искри

Средства за Лична – заштита

Како средства за Лична — заштита предвидени се средства за "суво" гасење — локализирање на пожар и тоа:

Превентивни средства - прирачен алат (лопата, копач и кофа), песок ПП - апарати за "суво" гасење - локализирање на пожар

Организција за лична - заштита

Сите вработени лица на сепарацијата се запознаени и задолжени се да учествуваат во гасењето на пожарот при појава на пожар.

Укажување на прва помош во случај на повреда при работа

Давање прва помож на работниците во случај на повреда при работа се врши на лице место, за која цел се користат средствата од сандачето за прва помош.

Прва помош на повредениот му дава лице обучено за давање прва помош.

Доколку повредата е потешка и е потребна помош од стручни лица лицето повредата се санира на лице место, а потооа повредениот се пренесува до најблиската здравствена установа.

Чуварска служба

Чуварите на објектот на кои што работното време им започнува по завршувањето на работното време на работниците на објектот, ги имаат следните обврски.

- Да ги чуваат и сочуваат сите материјали, машини, алати и други работи кои се наоѓаат на објектот.
- Да спречува пристап на објектот на лица кои не се вработени на објектот, и после работа на било кое лице, без одобрение на управата или техничкиот раководител на сепарацијата.
- Да спречат изнесување на материјали и друго од објектот без потребна документација или одобрение.
- Редовно и постојано да врши обиколување на објектот, а посебно вон работното време и ноќе.
- Во случај на појава на почетен пожар да превземе мерки за локализирање на пожарот и да ја извести ПП бригада на Општината, и соодветните служби.
- По завршувањето на работното време, ако случајно остане неизгаснат оган,истиот да го изгасне и го извести раководителот на објектот за да не се пофтори истото.
- За време на должноста да не се задржува подолго време во канцеларија или чуварница и да не спие.
- Секојдневно да води книга за дежурство, во која ќе ги внесува сите настани кои ќе се слуичат за време на неговото дежурсатво и за тоа да го извести раководителот на сепарацијата,наредниот ден.
- Да не го напушта работното место се додека не му дојде замена,односно не одпочне редовното работно време и го извести раководителот или лицето кое го заменува во негово одсуство.
- За настаните во неговата смена како и промените на објектот, да врши примопредавање на должноста со чуварот кој го заменува.

Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга

Инсталацијата работи во една смена дневно во текот на целата година, со исклучок на зимскиот период кога температурите се спуштаат под минус пет степени целзиусови, работата се прекинува додека не се створат поволни климатски услови, односно додека малку мразот се стопи.

II.2 Опис на инсталацијата и опремата

Просторот е поделен на неколку целини:

- гредоредна дробилка-чекичар (технолошка линија за примарно и секундарно дробење),
- склад за готови производи и полупроизводи
- помошни објекти и канцеларии
- пристапен пат

Проектираниот капацитет на преработка на минерални суровини е околу 25м3/час

Годишниот капацитет изнесува 15.000 тони со работа во една смена 250 работни денови во текот на годината.

За работа на сепарацијата се користи следнава механизација:

- Гредоредна дробилка со капацитет од 30м3 на час,
- Транспорт на суровината од етажите до примарно дробење (локален транспорт) со два камиони од типот МАН – 3 камиони, 1 камион Сканија, Мерцедес - 3
- Багери Зепелин 16
- Челична конструкција. Носачи на столбовите на транспортерот. Кулата на дробилницата и вибро ситата. Лефки, сипки, џетници, заштитници.

1. команден пулт и разводни долапи
2. кабли и кабелска опрема
3. громобранска инсталација
4. осветлување на столбовите

- Помошната опрема која ја сочинуваат; цистерна за снабдување со гориво и хидранти за распрскување на вода.

Спецификацијата на останатата опрема и менахизација која се користи за примарно и секундарно дробење и мелење на варовникот е дадена во Табелата подолу:

Ред.бр	Назив на опремата	Број на парчина
1.	Стационарна решетка a = 200мм	1
2.	Приемен Бункер V = 20m3	1
3.	Вибро додавач N = 2 x 0,75	1
4.	Вибрациона решетка, B = 1,25m; L=3,0m; N=11,3kw	1
5.	Транспортер со лента B= 500 mm; L=12m; N=7,5kw	1
6.	Примарна ударна дробилка N=75kw	1
7.	Транспортер со лента B = 700 mm; L=15m; N=9,4 kw	1
8.	Примарно вибрационо сито B x L= 1,5 x 4,0m; N=15 kw	1
9.	Транспортер со лента B = 500 mm; L=16m; N=7,5 kw	1
10.	Транспортер со лента B= 700 mm; L=8,2m; N=5,6 kw	1
11.	Секундарна ударна дробилка N=75kw	1
12.	Транспортер со лента B = 700 mm; L=5,3m; N=5,6 kw	1
13.	Транспортер со лента B= 700 mm; L=15m; N=9,4 kw	1
14.	Секундарно вибрационо сито B x L= 1,5 x 4,0m; N=15 kw	1

15.	Транспортер со лента B = 500 mm; L=19,3m; N=7,5 kw	1
16.	Транспортер со лента B= 500 mm; L=16m; N=7,5 kw	1
17.	Транспортер со лента B= 500 mm; L=16m; N=7,5 kw	1

Шематски приказ на механанизацијата на линијата за дробење на камен се дадени во **Прилог II.5.7**

II.2.1 Опис на придружните објекти

Ќе се постават канцеларии од монтажен тип, во која е сместена управата на сепарацијата и со простории за вработените. Пред објектот е оформено проширено плато за паркирање на службени возила.

Детали се дадени во **Прилог II.5.9**

Гардеробен и санитарен блок за целиот комплекс од цврста градба, приземен со потребен број единици -гардероби и санитарии како и заеднички простор за одмор.

Трансформатор 160

Каменоломот се наоѓа на падините на ридски терен со голема стрмнина а во подножјето се наоѓаат земјоделски обработливи површини кои претставуваат дел од Струшкото поле. Одводнување на атмосферските води е по природен пад кон земјоделските површини.

Додека сепарацијата се наоѓа на рамничарск терен помеѓу селата Заграчани и Долна белица на иста локација каде се наоѓа и Бетонската База

II.3 Опис на технолошкиот процес

Материјалот варовник со гранулација од 600мм, од површинскиот коп на фирмата „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ“ од каменоломот на локалитетот Бабуш, Општина Струга со камиони се довезува до приемниот бункер. На влезот од

приемниот бункер е поставена стационарна решетка, со растојание меѓу решетките од 300мм, која оневозможува влегување на парчиња поголеми од 300мм во приемниот бункер. На излезот од приемниот бункер е поставен вибро додавач који врши рамномерно дозирање на материјалот на вибрационата решетка. Вибрационата решетка е со две просевни површини со отвори од 50мм и 32мм. Производот 0-32мм се смета за јаловина, која со транспортер со лента се носи на посебна депонија. Производот 50-200мм, гравитациски паѓа во примарна ударна дробилка, а производот 32-50мм, заедно со издробениот материјал од примарната дробилка, со транспортерот со лента, се носи на примарно вибрационо сито . Примарното вибрационо сито е со две просевни површини со отвори од 32мм и 16мм.

Производот 16-32мм, преставува дефинитивен производ, кој со транспортер со лента се носи на депонија. Производот 32-50мм со транспортер со лента се носи на дробење во секундарна ударна дробилка, каде се добива издробен материјал со гранулација од 0-16мм. Овој издробен материјал со транспортер со лента се носи на сеење на примарно вибрационо сито. Производот 0-16мм со транспортер со лента се носи на секундарно вибрационо сито кое е со две просевни површини 8мм и 14мм. На секундарното вибрационо сито се издвојуваат три дефинирани производи 8-16мм; 4-8мм и 0-4мм кои со соодветни транспортни ленти се носат на посебни депонии.

Според барањата на пазарот, а преку менување на големината на отворите на ситата, може да се добиваат и фракции со други димензии.

Шематски приказ на механизацијата и распоредот на опремата и машините во производствениот процес се дадени во Прилогот **II.5.7**

II.4 Производство на гранулати

II.4.1 Минирање на ископот во Каменоломот на „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ“ – Заграчани од каменоломот локалитетот Бабуш, Општина Струга

Минирањето претставува една од важните фази кои се изведуваат во каменоломот на Фирмата од каде се набавува материјалот. Подготовката за минирање, односно дупчењето се изведува со ротациони дупчалки. Дупчалките работаат со компримиран воздух под притисок од 10 бар и пречникот на круните за дупчење изнесува 101 мм. Длабочината на минските дупки изнесува 21 м, под агол од 80 0.

Минирањето се изведува само во прва смена и се користи примарно и секундарно минирање кое го изведува специјализирана фирма која поседува уверение за стручна оспособеност издадена од Државен рударски инспектор и одобрение за работа од министерство за внатрешни работи.

Примарното минирање се изведува еднаш месечно во летниот период и енаш на два месеци во зимскиот, додека секундарното минирање се изведува зависно од побарувањата во сепарацијата, односно купувачите. Минирањето се врши во согласност со главниот рударски проект и упаствата дадени од страна на производителот на експлозивните средства и законската регулатива. Во согласност со истите субјекти, треба да се врши и истоварање, складирање и користење на експлозивниот материјал.

За изведување на минерските работи од посебна важност е утврдувањето на временските прилики во текото на денот. Атмосферските услови често се менливи во текот на денот и затоа тие мора да се следат и врз основа на тоа треба да се одреди времето за минирање. Со постојано следење на атмосферските услови и со соодветно прилагодување према нив, се внесуваат потребните корекции во однос на времето на минирање, насоката на етажите и правецот на уривање на карпестата маса.

Како поволни атмосферски фактори за изведување на минирањето се сметаат:

1. Ведро до делумно облачно време, со слаби ветрови и рамномерно зголемување на температурата. Најчесто тоа е времето околу 10 часот наутро или напладне, кога во повеќе случаи е елименирана појавата од температурни инверзии;

2. Мошне поволни услови се сметаат и деновите со релативно високи температури, со незначителни температурни одстапувања во текот на денот;

II.4.2 Правила при работење со експлозивни средства

При манипулација со експлозивни средства работниците мора да ги почитуваат следните правила:

- Не смеат да јадат, пијат и пушат;

- Обавезно да користат работна облека и гумени заштитни ракавици;

- Еднаш неделно да ја менуваат работната облека со чиста;

- Ако се случи да се оштети амбалажата на експлозивните материи или помине рокот на употреба, оштетените пакувања се праќаат на уништување; - Во колку се случи прашкастиот експлозив да се стврдне на температура повисока од 30 0С, тој се уништува;

- Ако се појави потење или смрзнување на пластичниот експлозив, тој се уништува. Унишувањето го врши минерската група.

На местата каде што се врши товарење или истоварање на експлозивни материи забрането е:

- Држење на материи и уреди кои можат да предизвикаат пожар и да овозможат негово ширење;

- Држење на отворен пламен или работа со отворен пламен;

- Пушење и употреба на средства за палење (кибрит или запалка);

- Употреба на уреди или средства кои имаат огнено ложиште;

- Работа со алат или уреди кои искрат;

- Поставување на надземни електрични водови без обзир на напонот;

- Работа на моторот на возилото треба да биде исклучен.

Со експлозивни материи можат да работат само полнолетни лица, физички способни кои се стручно оспособени, кои не се осудувани или кривично гонети и имаат добиено лиценца за работа добиена од рударскиот инспекторат. Во колку работниците не се стручно оспособени тие претходно се запознаваат со начинот на работа, опасностите и заштитните мерки на работа и работаат само под раководство на стручно лице и надзор

II.4.3 Примарно и секундарно дробење и сеење

Опремата за производство во технолошкиот циклус на примарно дробење на рудата за дробење, добиена од површинскиот коп се состои од:

- Гредоредна дробилка од Турско производство производсвто

- Систем на сита;


- Транспортни траки Т1, Т2, Т3, Т4.

Технолошка шема на примарно ио секундарно дробење дадена е во Прилог II.

II.5 Прилози


II.5.1 Технички приказ на ударно ротациона дробилка- гредоредна


Шемата на движење на масите е прикажана на сл. 2




Сл. 2


II.5.2 Технички приказ на вибро сито







II.5.3 Технички приказ на сито класер



II 5.4. Машина за мешање на бетон

Машината за мешање на бетон е од германско производство (ВАКЕР) со дигитално дозирање со капацитет од 35м3/х бетон, поставена на соодветни фундаменти и обезбедена со потребните инфраструктурни приклучоци: вода, одвод, електрична струја, цистерни за цемент и систем за дотур на гранулати .

Бетономешалката е приклучена со довод на вода, одвод, електрична енергија, цистерна за цемент и систем за дотур на гранулати. Во состав на бетоњерката влегува: систем за дотур на гранулати, автоматски систем за дозирање на песок, командна кабина, челична конструкција.

Сите машини, постројки и возила се подложни на повремен периодичен прглед од аспект на заштитата при работа. За одржување на машините и возилата во исправна состојба се користат услуги од надворешни сервисери.

II 5.5. Таложници – јама за таложење остаток од свеж бетон

Во дворното место на десната страна на влезот во локацијата се наоѓа јама за исталожена отпадна вода од перење на бетоњерата (30м3) и таложна јама за отпадна вода од перење на возилата и опремата со капацитет од 30м3 која со одоводен канал е поврзана со испуст надвор од локацијата.

На локацијата постојат две јами за талог од перење на свеж бетон. Јамите се ископани во земја со длабочина до 3 м и без претходно бетонирање, но со обзир на течењето на малото количество на вода со цемент во јамата, истата јама е практично изведена со бетонски ѕидови, а вишокот вода се инфилтрира во подземните слоеви на почвата, минува низ крупно и ситнозрнестиот земјан материјал кој се протега во длабочина од 3 до 7 м.

II.5.6. Опис на технолошкиот процес

Технологија на производство на бетон е опишана подолу:

Суровините за производство на бетон се состојат од:

- Фракција на гранулат од 0-4мм
- Фракција на гранулат од 4-8мм
- Портланд цемент
- Вода
- Адитиви за бетон

Преку друмски транспорт од страна на добавувачи се довезуваат суровините на самата локација (фракции на гранулати кои се складираат на склад за фракции, додека цементот во силоси за цемент)

Дозирањето на компонентите за производство на бетон, како што се песок, цемент и вода се врши според зададена рецептура на овластени институции според меѓународните стандарди и прописи. Дозираната смеса добро се измешува

во бетономешалката, а потоа се пресипува во миксер транспортно возило, кој директно го носи готовиот бетон на објект. При самото вградување на свежиот бетон по потреба се додаваат адитиви за бетон.

Позавршување на сите операции опремата за производство транспорт и вградување на бетон се пере на самата локација.

Треба да се напомене дека рецептурите се зададени за сув камен агрегат. Доколку времето е влажно, потребно е да се врши редукција на водата, а да се зголеми учеството на фракциите за оптимална влажност на фракциите и тоа за прва фракција до 5%, а за другите мах1%. Исто така е неопходно за повисоките МБ да се користи пластификатор (суперфлуид или друг).

Шематски приказ на механизацијата и распоредот на опремата и машините во производствениот процес се дадени во Прилогот II.5.1 и II.5.

Суровини и помошни материјали

Основна суровина за производство на павер елементи и други производи за градежништво се на база на инертен материјал - песок со различен гранулометриски состав на база на варовник, мермеризиран варовник и цемент (табела бр.1).

Варовник

Варовник по состав калциум карбонат ($CaCO_3$), се користи како основна суровина при производство на павер и други производи за градежништвото. Варовник - Агрегат: $CaCO_3$ - дробен агрегат се состои од варовник, кој во повеќе разни фракции се користи во процесот на добивање павер елементи. Калцит претставува стабилна форма на калциум карбонат $CaCO_3$. Калцитот е еден од најшироко распространетите минерали на површината на Земјата. Се одликува со сјајна и рефлектирачка површина со особини на стакло, со повеќе кристални варијанти. Може да биде бел или безбоен кога е чист, но може да биде со слабо

обојување на сива, црвена, жолта, зелена ,плава, виолетова, кафеава, или црна во зависност од различни инградиенти кои се дел од внатрешната структура на минералот.Калцитот е провиден до прозрачен но може да покажува и фосфоресцентни и флуоросцентни особини.

Агрегат: $CaCO_3$ - Дробен агрегат се состои од варовник, кој во повеќе разни фракции се користи во процесот на добивање на павер елемент и други производи.

Цемент

Цемент е хидраулично минерално врзивно средство кое се добива со мелење на Портланд цементен клинкер, кој пак се добива печење на варовник и глина на температура од 1350 - 1450 °C. Цементите воопшто се делат на видови и класи. Видови претставуваат категории на цемент во зависност од составот и технологијата на производство, додека класите на цемент ги означуваат нивните механички карактеристики. Се делат во две основни групи: цементи на база на портланд цементен клинкер и на останати - специјални видови на цемент.

За добивање цемент се мешаат фино сомелени суровини, обично варовник и глина се додека не се постигне хомоген состав. По сува или водена постапка се хомогенизира суровото цементно брашно, а потоа се врши синтерување (печење) на цементното брашно. Откако ќе се отстрани водата и CO_2 , се носи на мелење во куглични мелници и се добива цемент. Во случај на потреба на мешавината му се додаваат компоненти кои недостасуваат за да се постигне саканиот хемиски состав. Во својот состав има и SiO_2 и други материи во мали количини.

Вода

Водата претставува неопходна компонента на секоја бетонска мешавина, бидејќи само во нејзино присуство е можно да се одвива процесот на хидратација. Покрај ова, водата во свежиот бетон значајна е како компонента со која се остварува потребниот вискозитет на бетонската смеса, односно како компонента која овозможува ефикасно вградување и завршна обработка на бетонот.

ПРИЛОГ III

УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

III.1 УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Каменоломот, сепарацијата и бетонската база „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ“ работи континуирано во една смена (6 работни дена неделно) со вкупно 6 вработени лица. Во текот на годината можни се одстапувања на оваа динамика во зависност од потребите на пазарот и цената на Берзата на готовите производи.

Управителот (Љундрим Рахмани) раководи со целокупните активности во компанијата (комерцијалниот сектор и производството) и воедно е координатор за животна средина и одговорен за прашањата на барањето за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето на „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ“ ДООЕЛ.

Раководителот на фирмата (Љундрим Рахмани) одговорен е за интегрираното спречување и контрола на загадувањето заедно со другите вработени во производство претставуваат членови на тимот.

III.1.1 управител

Според систематизацијата, на чело на компанијата е Управител чии надлежности и одговорности се прецизно дефинирани.

Управителот е одговорен за сите активности во фирмата. Тој е одговорен за спроведување на бизнис планот на фирмата, за исполнување на обврските кои произлегуваат од работењето на фирмата кон државата и деловните партнери, за обезбедување на материјални ресурси, се грижи за човечките ресурси, за односите со локалната заедница и ја застапува фирмата. Управителот во чија одговорност се прашањата во врска со животната средина има неколку соработници меѓу кои се Раководителот на производство и сменскиот раководител.

III.1.2 Раководител на производство

Раководителот на производство е одговорен за управувањето со процесот на производство како и за квалитетот на производот. Во таа смисла тој е одговорен

за планирањето на производството, квалитетот на производите контрола и третман на емисиите, за безбедноста на персоналот и за транспортот. Во негова надлежност е истражувањето и развојот во смисла на испитување и воведување на нови технологии, нови машини и сл.

Раководителот е одговорен за одржувањето на целата инсталација. Во таа смисла тој е одговорен за планирањето на одржувањето вклучувајки ги и системите за намалување, контрола и третман на емисиите и за одржување на транспортните средства. Во негова надлежност е истражувањето и развојот во смисла на испитување и воведување на нови технологии, нови машини и сл.

III.1.3 Спроведување на мерките за намалување на емисии

Целосната одговорност за работата и спроведување на мерките за намалување на емисиите е на управителот. Оваа одговорност е делегирана на персоналот одговорен за производство, одржување и развој.

Операторите се обучени за работа со опремата која им е доверена. Дадени им се инструкции за секоја забележана неправилност при вообичаени или невообичаени услови на работа да го известат раководителот или директно луѓето од одржување.

Службата за одржување е директно одговорна за правилно спроведување на мерките за намалување на емисиите.

Сите вработени се запознаени со постапката за спречување или намалување на последиците од непредвидени ситуации (поплава, земјотрес, пожар, гром и сл.) и се обучени за тоа.

Менаџерот за животна средина (управителот) е одговорен за мониторинг на спроведување на мерките за намалување на емисиите за да се овозможи коректна и оптимална работа.

Органограмот на структурата на организацијата е даден во Поглавје III.2

Организациона шема



Прилог IV

СУРОВИНИ, ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

IV.1 Опис на суровини

Суровините воглавно се поделени на две групи според својата природа и намена:

1. Карбонатни суровини:

- песок

- чакал

За бетонска база

- Цемент
- Вода
- Песок со разна гранулација

IV.1.1 Доломит

Преставува седиментна карбонатна стена со кристална минерална структура составен од калциум магнезиум карбонат ЦаМг(ЦО3)2.

Карактеристиките му се слични на тие од калцитите со разлика што не се разложува бурно во разблажена хлороводородна киселина. Тврдината по Мос е од 3,5 до 4 а специфичната тежина е 2,85. Формира цврсти раствори со железото. Мали количини на железо во структурата дава жолта до кафеава боја на минералите. Магнезиумот во структурата на минералот во форма на МнО учествува до 3 %. Висока содржина на магнезиум дава розе боја на минералот. Оловото и цинкот во структурата на минералот може да го заменат магнезиумот.

IV.1.2 Калцит

Карбонатниот минерал калцит е хемиски или биохемиски калциум карбонат со хемиска формула CaCo3 и е еден од најраспространетите минерали во земјината кора. Исто така делумно влегува во состав на седиментните стени и варовникот.

Исто така е примарен минерал во метаморфниот мермер. Се појавува во наслагите од геотермални води, пештери као сталактит и сталагмит. Калцитот преставува стабилна форма на калциум карбонат; аргонитот преминува во калцит на 470^0Ц , додека ватеритот μ- CaCo3 е понестабилен. Се појавува во фиброзна, грануларна, ламеларна или компактна форма.

По Мосовата скала има тврдина од 2,71, Бојата му е бела или безбојна со нијанси на сива, црвена. жолта. Зелена. Сина, виолетова, кафеава па дури и црна во случаи кога минералот содржи примеси.

IV.1.3 Сив варовник

Карбонатна стена со сива боја со финозрнеста структура составена од мермеризирани варовници што бурно реагира со ладна (10%) HCl киселина што се карактеризира за ситнозрни калцитни мермери.

Хемискиот состав на сивиот варовник е прикажан во Табелата 1

Оксиди	**%**
CaO	55.20
MgO	0.28
Al2O3	0.44
Fe2O3	0.21
Na2O	1.23

K2O	0.08
Ner. HCl	0.24
Z.Z. 10000C	45.54
VKUPNO	100.22

Tabela 1: Hemiski sostav na siviot varovnik

IV.2 Помошни материјали

Користењето на помошните материјали се однесува на:

- Набавка на материјалите

- одржувањето на механизацијата и опремата,

- средства за одржување на хигиена како и

- средства за заштита при работа.

IV.2.1 Набавка на материјалите

Набавката на материјалите се однесува пред се на дотур на песок и чакал за работа на бетонската база и производство на павер елементи, набавка на цемент од домашни и странски добавувачи.

IV.2.2 Одржување на механизација

Резервните делови како масти и мазива за подмачкување и одржување на опремата и механизацијата се изведува во сервис надвор од инсталацијата

Во Табелата 2 се прикажани количините на помошни материјали за одржување на механизацијата.

Табела 2.

Реден број	ВИД НА ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ	Единечна мера	
1.	**Моторно масло**	***l/t***	**1.000 l**
2.	**Диференцијлно масло**	***l/t***	**200 l**
3.	**Хидраулично масло**	***l/t***	По потреба
4.	**Товатна маст**	***l/t***	**200 l**
5.	**Гуми**	***Парче***	**40**

IV.2.3 Средства за хигиена и заштита при работа

Средствата за хигиена како и средствата за заштита при работа се чуваат во магацин за таа намена и се состојат од средства за лична хигиена (детергенти и пасти за одмастување) како и заштитни ракавици, чевли и заштитна облека.

IV.3 Енергенси

IV.3.1 Дизел гориво

Се користи за потребите на мобилната механизација на инсталацијата. Дизел горивото се складира во цистерна или се врши со дотур од цистерна и се користи само за дневна потрошувачка.

IV.3.2 Електрична енергија

Напојувањето со електрична енергија се врши преку електро дистрибутивниот систем на Р.Македонија, исклучиво за потребите на сепарацијата и бетонската база.

IV.4 Вода

Водоснабдувањето со технолошка и санитарна вода во инсталацијата се врши од водоводна мрежа на градот Струга и од сопствен бунар со капацитет од 5 $м^3$ на ден. Средната годишна потрошувачка на санитарна и технолошка вода изнесува 3000 $м^3$.

Вода се користи за опрашување во постапката на сепарација на минералната суровина, наводнување на објектот и околината и попрскување на гранулатите заради превенција од создавање прашина .

Во Табелата 1 се прикажани количините на помошни материјали за одржување на механизацијата.

IV.5 Производи

1. Фракционен агрегат

- 0 – 4 мм

- 4 – 8 мм

- 8 – 16 мм

- 16- 32 мм

- Готова бетонска маса

Гранулациите од сивиот варовник кои се произведуваат во сепарацијата „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ“ во исто време преставуваат производи и полупроизводи.

Гранулатот се користи како финален производ наменет за изработка на бетон, армиран бетон и тампонски слој за посипување на патишта.


Од годишното производство на дробен каменит од 15.000 тони производите учествуваат со:
- Дробен каменит (0 – 32) мм со 20 %
- Фракционен агрегат (0 – 4 мм) со 25 %
- Фракционен агрегат (4 – 8 мм) со 15 %
- Фракционен агрегат (8 – 16 мм) со 20 %

- Фракционен агрегат (16 – 32 мм) со 20 %

Готовите производи се складираат на плац за готови производи

Складирањето на производите и полупроизводите како и помошните материјали се обележани на мапа во Прилог IV.6.3

- СЕРТИФИКАТ ЗА ЦЕМЕНТ



Производ
Proizvod
Product
ПЦ 30П45С (со мах.15% пепел супституција на туф)
PC 30P45S (with 15% flyash substitution of tufa)

Производител или увозник
Proizvodjač ili uvoznik
Manufacturer or importer
А.Д. Цементарница "Усје" Скопје
S.C. Cement Factory "Usje" Skopje

Датум на производството
Datum proizvodnje
Date of production
2007.07.01 - 2007.09.30

Подносувач на барањето
Podnosilac zahteva
Applicant
А.Д. Цементарница "Усје" Скопје
S.C. Cement Factory "Usje" Skopje

Број на извештајот од испитувањето
Broj izveštaja o ispitivanju
Test report number
Бр.11/2007

Датум на испитувањето
Datum ispitivanja
Date of testing
2007.10.31

Рок на важењето на потврдата за квалитет
Rok važnosti atesta
Certificate validity
2008.02.15

Со ова се потврдува дека карактеристиките на производот одговараат на барањата на следните прописи:
Ovim se potvrdjuje da karakteristike prizvoda odgovaraju zahtevima sledećih propisa:
It is certified hereby that the products characteristics are in confotmity to the requirements of the following regylatio ns:

Наредба за обавезно атестирање на цемент (Сл.лист на СФРЈ бр.34/85) и МКС Б.Ц1.011; Б.Ц1.012; Б.Ц8.020;Б.Ц8.022;Б.Ц8.023; Б.Ц8.024;Б.Ц8.026 и Б.Ц8.029 (Службен весник бр.54/2002)

Order for cement certifyuing (Official Bulletin N°34/85) and MKS B.C1.011;B.C1.012;B.C8.020;B.C8.022;B.C8.023;B.C8.024; B.C8.026 and B.C8.029 (Official Bulletin N°54/2002).

Датум 2007.11.15
Datum
Date

М.П.

Потпис на овластеното лице
Potpis ovlašćenog lica
Signature by authorized person
BSc CEng B.Taneski

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ "МАКЕДОНИЈА" АД

Р Е Ц Е П Т У Р А

за производство на 1м³ ОБИЧЕН бетон со МБ – ~~30~~ XXX 15

- **Агрегат:** Дробен камен сепариран во четири фракции од сепарација Долна Белица
- **Вода:** Градски Водовод
- **Цемент:** "УСЈЕ" 15п 45с

Дозирање за 1 м³ готов бетон-сува мешавина на фракции

I – фрак. . . 0-4мм.	38 %	733 кг.	A =1930 кг/м³
II – фракција. .4-8 .	14 %	270 кг.	
III – фракција. 8-16. .	20 %	386 кг.	
IV – фракција. 16-31.5 .	28 %	540 кг.	

W/C = 0,68

Цемент: ..... 270 кг.
Вода: ..... 183 l/m³
Адитив: . .....

Проектираната конзистенција на свежа бетонска маса со слегање (слампа) од 6 **до** 10 **см.**

Забелешка: При употреба на влажен агрегат да се врши корекција на водата и агрегат.

Изработил,

Градежен институт Македонија АД Скопје

Директор на завод МП,

В.Ѓоргиевски,дипл.град.инж.

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ "МАКЕДОНИЈА" АД

Р Е Ц Е П Т У Р А

за производство на 1м³ ОБИЧЕН бетон со МБ – ~~ХХХ~~ 20

- Агрегат: Сепариран дробен камен од сепарација Долна Белица
- Вода: Градски водовод
- Цемент: "УСЈЕ" 15п 45с

Дозирање за 1 м³ готов бетон-сува мешавина на фракции

I – фрак...0-4мм.	38 %	726	кг.
II – фракција. 4-8.	14 %	267	кг.
III – фракција. 8-16.	20 %	382	кг.
IV – фракција. 16-31.5.	28 %	535	кг.

A = 1910кг/м³

W/C = 0,59

Цемент: ..... 300 кг.
Вода: ..... 178 l/m³
Адитив: ....

Проектираната конзистенција на свежа бетонска маса со слегање (сламп) од 6 до 10см.

Забелешка: При употреба на влажен агрегат да се врши корекција на водата и агрегат.

Изработил,

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Директор на завод МП,

В.Ѓоргиевски,дипл.град.инж.

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ "МАКЕДОНИЈА" АД

Р Е Ц Е П Т У Р А

за производство на 1м³ ОБИЧЕН **бетон со МБ ~~30~~** 25

- **Агрегат:** Дробен камен сепариран во четири фракции од сепарација Долна Белица
- **Вода:** Градски водовод
- **Цемент:** "УСЈЕ" 15п 45с

Дозирање за 1 м³ готов бетон-сува мешавина на фракции

I – фрак. . . 0-4мм.	38 %	707	кг.
II – фракција. .4-8 .	14 %	260	кг.
III – фракција. 8-16. .	20 %	372	кг.
IV – фракција. 16-31.5 .	28 %	521	кг.

A = 1860кг/м³

W/C = 0,55

Цемент: ..... 340 **кг.**
Вода: .....187 **l/m³**
Адитив: . ...

Проектираната конзистенција на свежа бетонска маса со слегање (слами) од 6 **до** 10**см.**

Забелешка: При употреба на влажен агрегат да се врши корекција на водата и агрегат.

Изработил,

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Директор на завод МП,
В.Ѓоргиевски,дипл.град.инж.

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ "МАКЕДОНИЈА" АД

Р Е Ц Е П Т У Р А

за производство на 1м³ ОБИЧЕН бетон со МБ – 30

- Агрегат: Дробен камен сепариран во четири фракции од сепарација Долна Белица
- Вода: Градски водовод
- Цемент: "УСЈЕ" 15п 45с

Дозирање за 1 м³ готов бетон-сува мешавина на фракции

I – фрак. . . 0-4мм.	38 %	695 кг.	A = 1830кг/м³
II – фракција. .4-8 .	14 %	256 кг.	
III – фракција. 8-16. .	20 %	366 кг.	
IV – фракција. 16-31.5 .	28 %	512 кг.	

W/C = 0,53

Цемент: ..... 370 кг.
Вода: ..... 196 l/m³
Адитив: . ...

Проектираната конзистенција на свежа бетонска маса со слегање (сламп) од 6 до 10 см.

Забелешка: При употреба на влажен агрегат да се врши корекција на водата и агрегат.

Изработил,

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Директор на завод МП,

В.Ѓоргиевски,дипл.град.инж.

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ
"МАКЕДОНИЈА" АД

Р Е Ц Е П Т У Р А

за производство на 1м³ ОБИЧЕН бетон со МБ – 30 40

- Агрегат: Дробен камен сепариран во четири фракции
  од сепарација Долна Белица
- Вода: Градски водовод
- Цемент: "УСЈЕ" 15п 45с

Дозирање за 1 м³ готов бетон-сува мешавина на фракции

I – фрак. . . 0-4мм. 38 % ..... 688 кг. A = 1810кг/м³
II – фракција. .4-8 . 14 % ..... 253 кг.
III – фракција. 8-16. . 20 % ..... 362 кг.
IV – фракција. 16-31.5 . 28 % ..... 507 кг.

W/C = 0,44

Цемент: ..... 400 кг.
Вода: ..... 176 l/m³
Адитив: . . .суперфлуид . .1,0% .. 4,0кг/м3
3,2л/м3

Проектираната конзистенција на свежа бетонска маса со слегање (сламп) од 6 до 10см.

Забелешка: При употреба на влажен агрегат да се врши корекција на водата и агрегат.

Изработил,

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Директор на завод МП,
В.Ѓоргиевски,дипл.град.инж.

IV.6 Прилози

IV.6.1 Карактеристики на суровини/производи

Прилог:Резултати од испитувањето на минерална суровина од наоѓалиштето на фирмата „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ“ ДООЕЛ од каменоломот Бабуш Општина Струга, од Градежен институт Македонија АД. Скопје

IV.6.2 Safety Data sheets

IV.6.2.1 Kalcium karbonat

Safety (MSDS) data for calcium carbonate

Safety data for calcium carbonate

Click here for data on calcium carbonate in student-friendly format, from the

HSci project

Glossary of terms on this data sheet.

The information on this web page is provided to help you to work safely, but it

is intended to be an overview of hazards, not a replacement for a full Material

Safety Data Sheet (MSDS). MSDS forms can be downloaded from the web sites of

many chemical suppliers.

General

Synonyms: limestone, marble, calcite, chalk, carbonic acid calcium salt,

blackboard chalk

Molecular formula: $CaCO_3$

CAS No: 471-34-1

EINECS No: 207-439-9

Physical data

Appearance: white or colourless crystals or white powder or chunks

Melting point: 825 C

Boiling point:

Vapour density:

Vapour pressure:

Density (g cm-3): 2.83

Flash point:

Explosion limits:

Autoignition temperature:

Water solubility: negligible

Stability

Stable. Incompatible with acids, fluorine, ammonium salts, alum.

Toxicology

Dust may cause irritation. Typical TLV/TWA 10 mg m-3.

Risk phrases

R36 R37 R38.

Transport information

Non-hazardous for air, sea and road freight.

Personal protection

Minimise exposure to dust.

Safety phrases

S26 S36.

IV.6.2.2 Silicium Dioksid

Safety data for silicon dioxide

General

Synonyms: silica, amorphous silica, (sand is predominantly silicon dioxide), accusand, amorphous quartz, borsil P, cryptocrystalline quartz, Denka F 90, Denka FB 44, fused quartz, fused silica, fuselex, microcrystalline quartz, nalcast, optocil, quartz glass, quartz sand, rancosil, siltex, spectrosil, suprasil, vitreosil, vitreous quartz, vitreous silica, vitrified silica

Use: Used as a suspending and thickening agent in pharmaceutical formulations; intermediate for glasses, component in abrasives, enamels.

Molecular formula: SiO_2

CAS No: 7631-86-9

EC No: 262-373-8

Physical data

Appearance: white crystals or powder

Melting point:

Boiling point:

Vapour density:

Vapour pressure: zero

Specific gravity:

Flash point: n/a

Explosion limits: n/a

Autoignition temperature: n/a

Stability

Stable.

Toxicology

IARC evaluation: dust is probably carcinogenic to humans. Dust can cause

silicosis. Typical 8hr TWA 0.3mg/m3 total dust. In bulk form, not hazardous according to Directive 67/548/EEC.

Toxicity data

IPN-RAT LD50 50 mg kg-1

IVN-RAT LD50 15mg kg-1

Risk phrases

(The meaning of any risk phrases which appear in this section is given here.)

R20.

Transport information

Non-hazardous for air, sea and road freight.

Personal protection

Safety glasses. Good ventilation if exposed to dust. Normal exposure to bulk silicon dioxide as sand is not considered likely to be harmful.

IV.6.2.3 Dizel ekstra lesno gorivo

Safety data for diesel

General

Synonyms: diesel fuel, diesel oil

Molecular formula: depends upon formulation, typically composed of a hydrocarbon mix together with (often proprietary) additives. May contain a dye to indicate, for example, whether or not excise duty has been paid on the product.

CAS No: 68334-30-5

EC No:

Physical data

Appearance: clear colourless or dyed liquid

Melting point:

Boiling point: typically > 149 C

Vapour density:

Vapour pressure: at 20 C typically < 1 mm

Specific gravity:

Flash point: typically > 52 C

Explosion limits:

Autoignition temperature:

Stability

Stable. Flammable. Incompatible with strong acids, strong oxidizing agents, halogens.

Toxicology

Respiratory and skin irritant. The product may contain polycyclic aromatic hydrocarbons which may be carcinogenic. Generally regarded as being of low toxicity unless contact is repeated and/or prolonged.

Toxicity data

ORL-RAT LD50 >2000 mg kg-1

Risk phrases

R10.

Personal protection

Avoid skin contact and inhalation. Ensure good ventilation.

IV.6.2.4 Glicerol - maziva

Safety data for glycerol

General

Synonyms: glycerin, glycerol USP, glycerine, 1,2,3-propanetriol, propanetriol,

1,2,3-trihydroxypropane, bulbold, citifluor AF 2, cristal, emergy 916, glyrol,

glycerol opthalgan, glyciterol, glycyl alcohol, osmoglyn, pricerine 9091

Use: Widely used as a food additive (emulsifier, thickener, stabilizer),

cosmetic agent, lubricating agent, antifreeze etc.

Molecular formula: C3H8O3 [structural: CH2OHCHOHCH2OH]

CAS No: 56-81-5

EC No: 200-289-5

Physical data

Appearance: viscous colourless or pale yellow liquid

Melting point: 17.8 C

Boiling point: 290 C

Vapour density: 3.17 g/l

Vapour pressure: < 1mm Hg at 20 C

Specific gravity: 1.261

Flash point: 160 C (closed cup)

Explosion limits: lower 0.9%

Autoignition temperature: 370 C

Critical temperature: 492.2 C

Critical pressure: 42.5 atm

Stability

Stable. Incompatible with perchloric acid, lead oxide, acetic anhydride, nitrobenzene, chlorine, peroxides, strong acids, strong bases. Combustible.

Toxicology

Mist is a respiratory irritant at high concentrations. Repeated contact may cause dehydration of skin. Typical TLV 10 mg/m3 (nuisance). Not hazardous according to directive 67/548/EC.

Toxicity data

IPR-RAT LD50 8700 mg kg-1

ORL-RAT LD50 12600 mg kg-1

SCU-RAT LD50 100 mg kg-1

ORL-MUS LD50 8700 mg kg-1

Risk phrases

Personal protection

Minimize contact.

Safety phrases

S26 S36.

Safety (MSDS) data for glycerol-D8

General

Synonyms:

Use:

Molecular formula: C3D8O3

CAS No: 7325-17-9

EINECS No:

Physical data

Appearance: colourless viscous liquid

Melting point: 20 C

Boiling point: 182 C at 20 mm Hg

Vapour density:

Vapour pressure:

Density (g cm-3): 1.37

Flash point: 113 C (closed cup)

Explosion limits: 0.9% (lower)

Autoignition temperature: 370 C

Water solubility: complete

Stability

Stable, but moisture sensitive. Incompatible with strong bases, strong

oxidizing agents.

Toxicology

Not hazardous according to Directive 67/548/EEC.

Toxicity data

(The meaning of any toxicological abbreviations which appear in this section

is given here.)

Risk phrases

Transport information


(The meaning of any UN hazard codes which appear in this section is given

here.). Non-hazardous for air, sea and road freight. Personal protection. Minimize exposure.

Safety phrases

IV.6.2. Диспозиција на објекти на локацијата

ПЛАТО ЗА ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ



ПРИЛОГ V

ЦВРСТ И ТЕЕЧЕН ОТПАД

V.1 Карактеристики на цврст и течен отпад

V.1.1 Отпад од технолошкиот процес

Во каменоломот, сепарацијата и бетонската база „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ“ се создава релативно мала количина на цврст отпад од технолошкиот процес. Целокупниот цврст материјал се преработува во различни гранулации кои преставуваат готов производ.

Отпадот од јаловина при ископ на површинскиот коп се складира на самата локација на определено место за таа намена. Јаловината е претежно земја која се користи за уредување на тревните површини на самата локација а дел се презема од приватни преземачи.

Овој отпад е јаловина – земја е инертна и не ја нарушуива животната средина. Месечно се создава околу 3 тони јаловина од производството на гранулати.

V.1.2 Отпад од одржување на опремата и постројките

Создадениот отпад од одржување на постројката и опремата се собира во контејнер на излезот на погонот а останатиот неметален отпад во контејнер за комунален отпад,

Отпадните масла од одржување на механизацијата се собираат во метални буриња и истото се презема од овластен превземач.

Металниот отпад се презема од приватни субјекти додека комуналниот отпад со сопствено возило се пренесува до општинската комунална депонија.

V.2 Постапување со отпад, ракување и складирање на цврст отпад

Постапувањето со отпадот се изведува со внимание со цел да се избегне:

а) загадување на животната средина, животот и здравјето на луѓето;

б) загадување на водите, воздухот и почвата над пропишаните граници;

ц) уништување на природните услови за живот на животните и растенијата;

д) нагрдување и неуредување на објектите и просторот во урбаните зони и подрачја надвор од урбани зони.

V.3 Собирање и транспортирање на отпадот

Собирањето и транспортирањето на отпадот се врши со средства и опрема која е наменета исклучиво за собирање и за транспортирање на отпадот.

Отпадот од локацијата со сопствени возила се изнесува и се одложува на општинската комунална депонија.

Повеќе детали за локацијата се прикажани на мапата на локацијата во Прилог V.4.1

Во каменоломот, сепарацијата и бетонската база „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ“ ДООЕЛ не се создава никаков течен отпад.

Прилог VI
ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА

VI.1 Вовед

Овој прилог вклучува детали за фугитивните и точкастите емисии на локацијата.

Во инсталацијата на „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ“, емисии во атмосферата се јавуваат од манипулација на платото за продажба на готовите производи

Главни штетни материи кои се застапени во овие отпадни гасови преставуваат цврстите честички кои се добиваат при утовар и транспортот на материјалот.

Мерењето на емисиите во атмосферата се опфатени во предложениот мониторинг режим во Прилог XI.

VI.2 Приказ на климатско-метеоролошки услови во општина Струга ,

- **Општина Струга**

Географски карактеристики на поширокаta област

Од демографско гледиште, просторниот опфат се наоѓа во зона на стопанско-комерцијални дејности. Областа е со средно-висока густина на населеност, земајќи го градот Струга, како средиште на проектните активности.

Квалитетот на животната средина на одредена локација најчесто е во директна зависност од бројот и густината на населението, кое е значаен генератор на отпадни материи во сите медиуми, независно до тоа дали тие се со комунална или индустриска генеза.

Според податоците од Пописот на население, домаќинства и становите во Република Македонија од 2002 година, градот Струга има 15559 жители, а с. Враништа 1517 жители.

Соседни општини на Струшката се: Вевчани, Дебарца и Охрид, според територијалната поделба од 2005 година. Но, податоците за населението во општината Струга се однесуваат на територијална поделба од 2004 година, според која на општината Струга соседни амп; се општините: Џепчишта, Луково,

Мешеишта и Охрид. Општината Струга (Попис на население, домаќинства и станови од 2002 година) има 36.892 жители. Самата општина Струга зазема 546 км2 односно густината на населеност изнесувала 115 жители/км2 во 1994 година. Во рамките на општината има 8.908 домаќинства распоредени во 11.733 станови.

Струшката Општина зафаќа површина од 5.073 ha или 1/3 од вкупната брегова линија на езерото т.е. половина од вкупната површина на Котлината. На оваа површина се наоѓа градот Струга и 50 населени места (Мислешево, Драслајца, Мороишта, Ложани, Биџево, Враништа, Долна Белица, Заграчани, Калишта, Мали Влај, Радолишта, Радожда, Франгово, Шум, Октиси, Вишни, Горна Белица, Дренок, Модрич, Глобочица, Луково, Нерези, Безево, Јабланица, Лакаица, Прискупштина, Буринец, Збжди, Локов, Присовјани, Р'жаново, Селци, Брчево, Богојци, Тоска, Делогожди, Корошишта, Ливада, Мислодежда, Ново Село, Поум, Џепин, Боровец, Лабуништа, Подгорци, ашмаруништа, Велешта, Горно Татеши, Долно Татеши, Добовјани).

Конфигурација на теренот: Почнувајќи од Охридското Езеро и неговата котлина, рамничарскиот терен постепено преминува во благоридчест терен и истиот продолжува с# до околните планини, и тоа: Галичица од исток (највисок врв 2.265 м), Јабланица од запад (највисок врв 2.259 м), и на север кон Караорман, и во продолжение Стогово, Илинска и Плакенска Планина.


Охридско-Струшкото поле е со просечна надморска височина од околу 740 м.

Геомеханички карактеристики на теренот

Според претходно извршени ископи за темели и бушења на повеќе локации во градот, добиени се сознанија за почвата, и тоа: - од котата на теренот до длабочина од 0,8 м е насип од ситен камен. - до длабочина од 3,0 м се протега нископластична слабозбиена песоклива глина со органски примеси; - по неа на длабочина од 8,0 до 12,0м ситен прашинест и слабозбиен песок. Нивото на подземната вода е на длабочина 1,20м во приобалниот дел на општината Струга.

Од инженерско геолошки аспект, овие карпи спаѓаат во класата на неврзани карпести маси. На места се во вид на нанос составн од фрагменти односно

глиновито-песоклива дробина со различна дебелина, зависно од интензитетот на процесите и морфологијата на теренот.




Климатско-метеоролошки карактеристики на подрачјето

Метеоролошките прилики, како што тие влијаат на промената на климата. Емисијата на нивото на загадувачки материи се во функција од: температурата на воздухот, воздушните струења, облачноста, атмосферските талози, влажноста на воздухот.

Климата на подрачјето е умерено континентална, модифицирана со посебна клима на локално подрачје, а во повисоките предели е застапена планинска клима. Средногодишната просечна температура изнесува околу 10 ^{o}C. Најстудени месеци се јануари и февруари, а најтопли јули и август со просечна температура од околу 21 ^{o}C. Средногодишната сума на врнежи изнесува 1000 mm, со најголемо количество врнежи во зимските, а најмало во летните месеци. Релативната влажност на воздухот, пак, изнесува 70-74 %, а ветровите се делат на постојани: северниот дува по долината на Црн Дрим во зимските месеци, а во лето носи свежина. Јужниот ветар дува од езерото кон копното и постои локален ветар кој дува од правец на планината по месноста Долга и Средни рид.

Струга се наоѓа во охридско-струшкиот регион кој се одликува со долготраен сончев сјај од 2355 часови годишно. Со оглед на географската положба што ја има, сончевиот сјај има нешто помала вредност на сончевиот сјај изразена во часови. Осончувањето е значително поголемо во летните месеци исе движи во просек околу 280 часа или просечно по околу 9-10 часови дневно. Со најдолго траење на сончевиот сјај се одликува месецот јули, со просек околу 340 часа или просечно дневно по 11 часа. Осончувањето, пак, во зимските месеци е значително помало и изнесува во просек околу 70 часа.

На Слика 4 е дадена Роза на ветрови каде се прикажани графиците на фреквенциите и главните правци и брзини на ветар за поширокото подрачје на предметната локацијата.



Слика 4 - Роза на ветрови за подрачјето од предметната локација

Геологија, почви и сеизмика

Палеозојските формации се состојат од дебел комплекс на мesаморфни и магматски карпи. Базиран на фосилни остатоци, овој комплекс е поделен на камбриски, ордовициски и девонски. Камбрискиот и ордовицискиот се состојат од филитични шкрилци и метапесочници, додека девонскиот се карактеризира со филитични шкрилци, метапесочници, конгломерати, карбонски шкрилци и мермеризирани варовници. Низ палеозојските метаморфи се преплетени грандиорити, сиенити и граносиенитни порфири.

Тријаските формации лежат трансгресивно над палеозојскиот комплекс. Според фосилните остатоци, среднотријаските се карактеризираат со кластични и карбонатни седименти со варовник која содржи цефалоподна фауна.

Магматските карпи содржат главно риолити и дијабази. Во некои локалитети тријаските седименти се преклопени со конгломерати составени од дијабази, габро, тријаски варовник и до крајните граници, со серпентинити и шкрилци.

Неоценските седименти имаат карактер на свежа вода и со својата микрофлора претпоставуваат формирање за време на средно-плиоценскиот период. Постојат и седименти од новиот плиоцен.

Квартерните седименти се широко распространети и се состојат од глечерски, моренски и флувиоглацијални седименти, тера роса, травертин, пиемонтни резерви, бреча, талус и алувијални депозити.

Теренот опфатен со проектот со својата тектонска градба припаѓа на геотектонската единица: Западно-Македонска зона. Тектонскиот развој на теренот е поврзан за две крупни орогенези: херцинска и алписка. Со херцинската орогенеза палеозојските седименти биле регионално метаморфозирани и набрани во благи синклинални и антисинклинални структури. Во овој регион можат да се очекуваат потреси, со максимален интензитет од VIII и IX степен по MCS, со сопствено локално жариште со длабочина од 5-30 км.

Според просторната положба и основните структурно морфолошки и тектонски одлики, поширокото подрачје на охридско-струшкиот регион припаѓа на Западно-македонските планини. Тоа претставува зона во која постојано се присутни интензивни промени во тектонската напонска состојба на земјината кора, со повремени забележливи тектонски движења. Во такви околности, долината на Црн Дрим заедно со Охридското езеро, се смета како еден од најактивните сеизмички региони на Балканот. Во овој регион постојат определени сеизмички зони, кои што се познати и по настанување на катастрофални земјотреси. Охридското езеро и крајбрежните терени се наоѓаат во таква сеизмичка-тектонска зона, со меридијален правец на протегање, во која е забележана појава на избивање на сулфурни води и гасови, кои што доаѓаат од длабинските слоеви на земјината кора. Во периодот на последните стотина години, јужното и источното крајбрежје се одликуваат со најголема сеизмичка активност. Ваквата активност

предизвикала процена, дека можат да се очекуваат потреси, со максимален интензитет од VIII и IX степен по MCS.

Хидрологија и квалитет на површински води во подрачјето

Локацијата е на територијата на сливот на реката Црн Дрим и Вевчанска Река. западно од локацијата на просечно растојание од 0,5 km тече р. Црн Дрим.

Црн Дрим истекува од Охридското Езеро на 695 мнв и ја напушта Македонија во близина на Дебар на 476 мнв. Од Струга до с. Ташмаруништа Црн Дрим тече низ рамничарски предел, а потоа влегува во клисура по која се наоѓа вештачкото езеро Глобочица. Веднаш после Глобочица, на Црн Дрим е создадено уште едно вештачко езеро - Шпилје во близина на Дебар.

Квалитетот на површински води во непосредното опкружување на градот Струга се следи од Центарот за јавно здравје - Охрид, (Црн Дрим и Охридско Езеро) според фреквенција на земање на примероци дефинирана во подзаконските акти.

Со Уредбата за класификација на водите, а според намената и степенот на чистотата, површинските води (водотеците, езерата и акумулациите) и подземните води се распоредуваат во класи и тоа:

Табела 1 Класификација на водите според Уредбата за класификација на водите

Класа	Употреба / користење на водата
I	Класа многу чиста, олиготрофна вода, која во природна состојба со евентуална дезинфекција може да се употребува за пиење и за производство и преработка на прехранбени производи и претставува подлога за мрестење и одгледување благородни видови риби - салмониди. Пуферниот капацитетот на водата е многу добар. Постојано е заситена со кислород, со ниска содржина на нутриенти и бактерии, содржи многу мало, случајно антропогено загадување со органски материи (но не и неоргански материи).
II	Класа малку загадена, мезотрофна вода, која во природна состојба може

Класа	Употреба / користење на водата
	да се употребува за капење и рекреација, за спортови на вода, за одгледување други видови риби (циприниди), или која со вообичаени методи на обработка-кондиционирање (коагулација, филтрација, дезинфекција и слично), може да се употребува за пиење и за производство и преработка на прехранбени производи. Пуферниот капацитет и заситеноста на водата со кислород, низ целата година, се добри. Присутното оптоварување може да доведе до незначително зголемување на примарната продуктивност.
III	Класа умерено еутрофна вода, која во природна состојба може да се употребува за наводнување, а по вообичаените методи на обработка (кондиционирање) и во индустријата на која не и е потребна вода со квалитет за пиење. Пуферниот капацитет е слаб, но ја задржува киселоста на водата на нивоа кои сеуште се погодни за повеќето риби. Во хиполимнионот повремено може да се јави недостиг на кислород. Нивото на примарната продукција е значајно, и може да се забележат некои промени во структурата на заедницата, вклучувајќи ги и видовите на риби. Евидентно е оптоварување од штетни супстанци и микробиолошко загадување. Концентрацијата на штетните супстанци варира од природни нивоа до нивоа на хронична токсичност за водниот живот.
IV	Класа силно еутрофна, загадена вода, која во природна состојба може да се употребува за други намени, само по одредена обработка. Пуферниот капацитетот е пречекорен, што доведува до поголеми нивоа на киселост, а што се одразува на развојот на подмладокот. Во епилимнионот се јавува презаситеност со кислород, а во хиполимнионот се јавува кислороден недостиг. Присутно е “цветање” на алги.

Според Уредбата, реката Црн Дрим спаѓа во II категорија.

Квалитет на воздухот

Граничните вредности за нивоа и видови загадувачки супстанции во амбиентниот воздух се дадени во следната табела:

Табела 2 Граничните вредности за нивоа и видови загадувачки супстанции

Загадувачки материи	Просечен период	Гранична вредност која треба да се достигне во 2012 год.	Дозволен број на надминувања во текот на годината	Гранична вредност за 2008 год.
Сулфур диоксид – SO_2	1 час	350 μg/m³	24	470 μg/m³
	24 часа	125 μg/m³	3	125 μg/m³
Азот диоксид	1 час	200 μg/m³	18	280 μg/m³
	1 година	40 μg/m³	0	56 μg/m³
PM_{10}	24 часа	50 μg/m³	35	67 μg/m³
	1 година	40 μg/m³	0	54 μg/m³
Јаглерод моноксид	Максимална дневна 8 - часовна средна вредност	10 mg/m³	0	15 μg/m³
Олово	1 година	0,5 μg/m³	0	0,9 μg/m³
Бензен (C_6H_6)	1 година	5 μg/m³	0	9 μg/m³

Извор: Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина – 2008; МЖСПП

Квалитетот на воздух во општина Струга не е вклучен во Државниот автоматски мониторинг систем за квалитетот на амбиентален воздух, па според тоа не постојат податоци врз основа на кои може да се извлечат некои заклучоци за предметната локација.

Бучава во животната средина на подрачјето

Нивоата на звук се мерат со мерач во единици децибели (dB). Нивоата на бучава во животната средина вообичаено се мерат како А-измерени децибели dB(A). А-мерењето соодветствува на реакцијата на човечкото уво. Индустриската бучава и бучавата на работното место и во животната средина се изразува во еквивалентни континуирани нивоа LAeq. Ова е засновано на просечното енергетско ниво во релевантниот временски интервал.

Емисијата на бучава во животната средина, првенствено се идентификува со развојот на технологијата, индустријата и транспортот. Според Законот за заштита од бучава во животната средина (2007), бучава во животната средина е бучава предизвикана од несакан или штетен надворешен звук создаден од човековите активности кој што е наметнат од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување, вклучувајќи ја бучавата емитувана од превозни средства, патен, железнички и воздушен сообраќај и од места на индустриска активност.

Граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина се утврдени во Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава (2008 г.). Според степенот за заштита од бучава, граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина предизвикана од различни извори се дадени во Табела 3 и не треба да бидат повисоки од:

Табела 3 Гранични вредности за основни индикатори за бучава

Подрачје диференцирано според степенот на заштита од бучава	Ниво на бучава изразено во dB		
	Lд	Lв	Lн
Подрачје од прв степен	50	50	40
Подрачје од втор степен	55	55	45
Подрачје од трет степен	60	60	55
Подрачје од четврт степен	70	70	60

Лд - ден (период од 07.00 до 19.00 ч.)

Лв - вечер (период од 19.00 до 23.00 ч.)

Лн - ноќ (период од 23.00 до 07.00 ч.)

Амбиенталната бучава на предметната локација се состои претежно од звуци од човечки извори: сообраќај, дневна фреквенција на минувачи, секојдневни активности на локалните жители и природни звуци: ветар, птици).

Биолошка разновидност во подрачјето

Биолошката и пределната разновидност во поширокото подрачје на расбота вклучува карактеристични и ретки видови и загрозени видови според меѓународните и националните стратешки документи во доменот на заштита на природата и тоа планината Јабланица како Значајно растително *подрачје* (*ИРА*), Значајно *подрачје* за птиците (ИВА), важен коридор за движење на дивите животински видови во рамките на Пан-европската еколошка мрежа за Југоисточна Европа (PEEN CEE).

Просторот на непосредното опкружување на местоположбата на проектната активност претставува дел од зона за комерцијано-стопански активности. Местоположбата на локацијата во биолошки поглед, е силно изменето од минати и сегашни човекови активности. Природната вегетација околу пошироката област на локацијата се состои од рудерална вегетација типична за климатското подрачје и пошироко се протега подрачје на земјоделски активности и вклучува земјоделско-природни хабитати.

Според EUNIS класификацијата од ЕУ Директивата за типови живеалишта, во потесното и поширокото опкружување на локацијата се наоѓаат следните типови хабитати:

- I21, Мозаици од култивитрани површини и
- J41, Индустриски и трговски подрачја

Природно и културно наследство

Природно наследство

Имајќи ги во предвид карактеристиките на предметната локација и нејзината околина и намената на користење на земјиштето, во поширокото подрачје иако постои заштитено природно наследство (Охридско Езеро) истото не е, ниту ќе биде засегнато од нејзиното работење.

Културно наследство

На поширокото подрачје на локацијата има евидентирано археолошки локалитети и заштитено културно наследство и тоа:

Во Враништа се наоѓаат остатоци од три средновековни храмови. Тие се наоѓаат на местата: Горна црков, Света Врача и Свети Аранѓел.

На првото место кое се наоѓа северно од градот Струга се наоѓаат остатоци од манастир. Храмот бил посветен на "Пречиста" т.е. Света Богородица Вранишка. Храмот е изграден во XI век. Дебелите ѕидови на овој храм се изградени од камен бигор кој е носен од селото Вишни кое се наоѓа на планината Јабланица. По овие остатоци се гледа дека тоа бил голем и доста познат манастир. Денешните жители оваа знаменитост ја нарекуваат "кралска црква". Жителите на с. Враништа таму се собираат на Духовден, Крстовден и Пречиста. Тука сега се наоѓаат селските гробишта.

Местото Света Врача се наоѓа североисточно од селото. На тоа место за време на Првата Светска војна е изградена црквичка и таму жителите ја посетуваат за време на нејзината слава. Местото Свети Аранѓел лежи западно од селото и таму постои исто така црквичка со неколку икони.

Постојат уште две карактеристични локалитети: Света Петка и Танасија. Првиот локалитет се наоѓа кај селското училиште. Таму постои мала црквичка изградена по Втората светска војна која денес е во реизградба. На тоа место постоеле и два суви бреста кои никој не смеел да ги исече но, поради старост паднаа и двата. На локалитетот Танасија, југозападно од селото, постои исто така мала црквичка.

Земјата околу селото е доста плодна и затоа за време на владеењето на Турците тука постоеја чифлизи. Сопственик на најголемиот чифлиг кон крајот на XIX век и почетокот на XX век бил Абдул Алим-паша. Живеел некаде длабоко во Турција (веројатно во Солун). Него на чифлигот го застапувале тројца Албанци од околината на Дебар. За приликите на чифлигот записи можат да се најдат во делото на А. Крстиќ - "Јове наполичар", каде се наведува како Беќир-пашин чифлиг. Помал чифлиг во Враништа имале браќата Саит и Бари Ќура, албанци од соседното

село Велешта. Пред крајот на владеењето на Турците тие биле населени со своите фамилии во Враништа, а куќите им биле покрај денешната селска црква. После 1912 година тие морале да се вратат во Велешта. После ослободувањето од Турците чифлизите постепено преминале во посед на селаните Македонци. Мал дел купиле од чифлигот на Саит и Бари Ќура, додека останатиот го добиле после аграрната реформа од 1946 година.

Во средината на селото се наоѓа црквата Свети Никола "Талалеј". За неа е објавено дека е обновена во 1804 година, а самото градење го финансирал некој Абаз-паша. На денот на црковната слава во исто време е и селска слава и тука се одржува "ордија" (панаѓур). На тој ден доаѓаат гости од соседните села и од градот. Домаќините на гостите роднини им приредуваат ручек во своите домови, додека за останатите гости се дава ручек кај самата црква. За таа пригода се коли теле.

Проектните активности заради природата на дејноста нема никакво влијание врз овој тип наследство.

ОХРИДСКО ЕЗЕРО

Охридското Езеро е прогласено за заштитено подрачје во категоријата „Споменик на природата“, согласно Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро („Сл. весник на СРМ“ бр. 45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и 62/93).

Според критериумите за категоризација на заштитените подрачја на Светската унија за заштита на природата (IUCN) и категоризацијата на заштитените подрачја согласно Законот за заштита на природата („Сл.весник на РМ“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10 и 47/11), Охридското Езеро е рангирано во III категорија на заштитено подрачје, односно претставува споменик на природа.

Заради богатството со исклучителни природни вредности, Охридското Езеро во 1979 година е запишано во Списокот на светското наследство на УНЕСКО како природно наследство, а во 1980 година поради значајните културно-историски вредности во поширокиот простор тоа е номинарано и како Охридско природно и културно-историско подрачје.

Охридското Езеро е дел од еколошките мрежи како што се Националната Емералд мрежа и Македонскиот зелен појас (воспоставен според програмата за работа на IUCN).

Во 2000 година подрачјето на Охридското Езеро е вклучено во CORINE Biotopes на Република Македонија, а во 2003 година во Каталогот на Македонските водни станишта-како природни ресурси.

Со оглед на тоа што предметната локација е во непосредна околина на Охридското Езеро и влегува во границите на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, потребно е да се има во предвид заштитата на Охридското Езеро од УНЕСКО, Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското езеро („Сл. весник на СРМ“ бр. 45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и 62/93) и Законот за заштита на природата („Сл.весник на РМ“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 59/12, 13/13 и 41/14).

Исто така потребно е да се почитуваат и определбите од „Досието за упис на Охридското природно и културно-историско подрачје во УНЕСКО“ и тоа: регулирана заштита на крајбрежните простори во длабочина од 300-1.000 метри во зависност од условите на рељефот и потенцијалната опасност од деградација; регулирање и плански раст и развој на постоечките населби (градови и села) во крајбрежниот простор на езерото; изградба на туристички населби долж брегот на езерото со ограничен квантум на туристичка понуда која не овозможува деградирање на вредностите на просторот итн.

Биодиверзитет

Охридското Езеро претставува едно од најзначајните центри на биолошка разновидност во Европа со околу 1.200 нативни видови, од кои 586 животински, а околу 614 растителни. Посебно значајни за науката се 212-те ендемични видови од кои 182 се животински.

Поодделни видови претставуваат живи фосили, речиси неизменети од времето на терциерот, како што е ендемичниот сунѓер, реликтните видови полжави, а од рибите охридската пастрмка и белвицата.

Голем дел од растителните и животинските видови од Охридското Езеро и неговото крајбрежје се заштитени во мегународни рамки, односно се опфатенисо мегународните документи (конвенции и договори) и со двата најзначајни инструменти на ЕУ за заштита на природата, Директивата за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора (EEC/92/43) и Директивата за зачувување на дивите птици (EEC/79/409).

Во однос на флората, крајбрежјето на Охридското Езеро на потегот помеѓ Охрид-Струга е идентификувано како значајно растително подрачје (ЗРП).

Посебно е значајно да се истакне и локалитетот Подмоље, каде се среќава најраспространет појас на трска (Phragmites australis) на Охридското Езеро и истиот е природно живеалиште на загрозени видови птици и мрестилиште на крап.

Во однос на фауната, Охридското Езеро е валоризирано како значаен орнитолошки локалитет кој во иднина може да биде прогласен како посебно заштитено подрачје, согласно Директивата за зачувување на дивите птици (EEC/79/409), а со тоа да стане и дел од идната еколошка мрежа Натура 2000 во РМ. Воедно подрачјето на Струга е идентификувано како едно од осумте значајни подрачја за пеперутки во РМ.

Пејзаж

Водоводната мрежа кој ќе се реконструира веќе беше споменато дека ќе минува низ равничарско - ридчест предел. На просторот предвиден за реконструкција на делниците, нема евидентирано карактеристичен природен или создаден пејсаж, кој би бил притоа загрозен. Со оглед на тоа дека ќе се врши реконструкција на дел од веќе постоечки пат нема да има загрозување на пејзажот. Охридското Езеро е во близина на предметната локација, но на доволна оддалеченост од крајбрежната линија, со што нема да бидат загрозени функциите на природниот еко-систем.

Сообраќајна поврзаност

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски подсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз

чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите: екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);

-интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за екстерното поврзување на државата се дефинираните комуникациски коридори, согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Мрежата на патишта со "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори, за патен сообрќај низ Република Македонија релевантен за предметниот простор е:

-Е-850 кој се поклопува со дел од магистралниот пат М-4: (АЛ-Ќафа Сан- Струга-Требениште-Е-65)-Дел од коридорот за патен сообраќај во насока запад-исток.

Автопатската и магистрална патна мрежа во Републиката релевантна за предметниот простор е:

-М-4 - (АЛ-Ќафа Сан-Струга-Кичево-Скопје-Миладиновци-М-1).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија.

Водоснабдување и одведување на отпадни води

За подмирување на потребите од вода најзначајни се површинските води како најраспостранет и незаменлив ресурс кој обезбедува живот и развој на екосистемот.

Подземните води поради високиот квалитетот со кој најчесто се одликуваат може да имаат големо значење за покривање на потребите од вода, но потребни се дополнителни истражувања за нивниот квантитет и квалитет.

На територијата на Р. Македонија регистрирани се вкупно 4.414 извори, од кои со штедрост поголема од 100 l/s регистрирани се 58. Во сливот на Црн Дрим со

Охридско Езеро регистрирани се 7 значајни извори од кои Свети Наум достигнува капацитет и над 10 m3/s, Вевчанскиот е со капацитет над 1,5 m3/s, потоа со својата штедрост значајни се Билјанините и Летничките извори.

Подземните води-аквифери формирани се главно во котлините и нивната издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради посебниот квалитет сезначајни за покривање на потребите од вода. Подземните води треба да се користат потполно од како ќе се проучат нивните аквифери, не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до пореметување на нивниот режим.

Согласно Просторниот план на Република Македонија и долгорочните планирања, основна цел во развојот на водостопанството е обезбедување висококвалитетна, санитарно чиста вода, првенствено за водоснабдување на населението и прехранбената индустрија. Квалитетното водоснабдување подразбира и континуирано доведување на вода до потрошувачите во текот на целата година со потребниот квалитет и квантитет.

Струшко Поле се карактеризира со високото ниво на подземни води и водотеци кои се изразито ерозивни и носат големи количини на наноси. За заштитата од поплави извршена е: регулација на Црн Дрим, префрлување на реката Сатеска во Охридско Езеро, изграден е времен регулационен објект при излезот на Црн Дрим од Охридското Езеро. Во основната мрежа за одводнување на Струшко Поле спаѓа регулација на р. Сатеска, р. Беличка, р. Радолишка и на уште 13 поројни текови во подрачјето.

Од 1988 год. во функција е системот за заштита на Охридското Езеро одкомунални отпадни води. Се предвидува овој систем да се приклучат населените места на крајбрежјето на Охридското Езеро. Сегашни извори за наводнување се Охридско Езеро, реките Црн Дрим и Сатеска.

Во поширокиот Охридско-Струшки регион се наоѓаат следните заштитени природни реткости:

- Национален парк “Галичица” – прогласен 1958 година;

- Споменик на природата “Охридско Езеро” – прогласен 1958 година;
- Место од светско наследство “Охридско природно и културно-историско подрачје” – прогласено 1980 година, под заштита на УНЕСКО;
- Манастирот Св.Богородица и пештерската црква Св.Атанасиј – на западното крајбрежје од Охридското Езеро.

Од горенаведеното се забележува дека во општината слабо е застапено земјоделството и сточарството, и тоа главно за сопствени потреби на селските домаќинства и снабдување на угостителските објекти со градинарски производи. Но, сепак е важен квалитетот на животната средина, особено што се работи за туристички регион и природна реткост Охридско езеро со многу ендемични видови од флората и фауната. Може да се заклучи дека состојбата на животната средина во општината е задоволителна, и истата нема да биде оптоварена со загадувачки материи од дејноста до критичното ниво одредено за загрозување на медиумите на животната средина, доколку се применат сите мерки за заштита предвидени со овој Елаборат.

VI.6 Фугитивни извори на емисија

Појава на фугитивна емисија на прашина се јавува и на следните места:

- При дупчење, минирање, утовар и транспорт;
- На отворен склад (-120 +0) мм;
- На пресипни места (додавачите и сипките) при процесот на производство;
- На отворен склад, при пад на материјалот од транспортна трака, за готов производ-фракцијата од (-4+0) мм;
- При транспорт на сепариран варовник по отворени транспортни траки.

Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга

За намалување на фугитивните емисии односно на позициите каде што се забележала зголемена количина на прашина превземени се посебни мерки и тоа:

Работите во Каменоломот, сепарацијата и бетонската база ДООЕЛ “ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ”, се изведуваат на отворен простор и многу брзо и краткотрајно доаѓа до распостирање на прашина и гасовитите продукти, после минирањето, кои со природна вентилација се евакуираат. Прашината главно содржи калциум карбонат, ЦаЦО3. Оваа компонента при дупчење, утовар и транспорт, може да делува само врз вработените во работната средина и за заштита од истата вработените применуваат заштитни респираторни средства. Патиштата кои се користат за транспорт се прскаат со вода.

Отворените транспортни траки на готови производи се покриваат со монтажно-демонтажни капаци или има поставено водено отпрашување (распрскување) на дробилката и на оние места од траките каде што дозволува технологијата на работа каде што не доаѓа до намалување на квалитетот на производите Каменоломот, сепарацијата и бетонската база ДООЕЛ “ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ” применува распрскувње на вода во околината на, отворените складишта, внатрешните сообраќајници како и редовно чистење на бункерите за дотур на суровина и стопанскиот двор од заостаната прашина.

Прилог VII

ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА

VII.1 Вовед

Производството на павер елементи во основа е воден процес. Отпадната вода која се создава со исклучок на дождовните води од локацијата се зафаќа и преку систем на цевки се носи до таложникот во близина на локацијата за миење на превозните средства каде се таложи и водата се враќа во производствениот процес.

VII.2 Отпадна атмосферска вода

Во самиот технолошки процес се употребува технолошка вода.

Водата во објектот се користи и за перење на објектот и околината. Атмосферската вода која се создава при обилни дождови се испушта во природна вододерина која се влива во сув канал за одводнување

VII.3 Санитарна и фекална вода

Водата која се создава заради хигиенските и санитарни потреби на вработените преку санитарен чвор се испушта во канализациониот систем на селото.

Прилог VIII

ЕМИСИИ ВО ПОЧВА

VIII Емисии во почва

Од постоечките активности нема директна емисија на загадувачки материи во почвата.

Прилог IX

ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ

IX. Земјоделски и фармерски активности

На локацијата не се изведуваат никакви земјоделски или фармерски активности.

Прилог Х

БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга

X.1 Вовед

Со оглед на нивото на бучава на локацијата, предизвикано од, работењето на инсталацијата, движење на транспортните уреди и транспортните возила и од сите други активности на инсталацијата како утовар-истовар, укажува дека на границата на локацијата со другите објекти нивото на бучава не ги надминува дозволените граници.

На локацијата, нема вибрации и јонизирачки зрачење кои би влијаеле на животната средина.

X.2 Избор на мерни места

Одбрани се четри мерни места за мерење на бучавост и едно мерно место за мерење Прашина (ПМ 10 честици) на границите на локацијата:

М-1 мерно место Влез на локацијата (Бучава)

М-2 мерно место Северно од локацијата (Бучава)

М-3 мерно место Јужно од локацијата (Бучава)

М-4 мерно место источно од локацијата (Бучава и ПМ 10)

Мерењата кои се предвидени ќе бидат извршени во работно време и во согласност со Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл. весник на РМ бр.64/1993, член 3, таб II-VI).

Избраните мерни места на локацијата за мерење на бучавата и Прашина се обележани на Мапа на локацијата со објектите Прилог X.3.1

Мерењето на емисиите на бучава се опфатени во предложениот мониторинг режим во Програмата за подобрување во Прилог XI.

X.3 Прилози

X.3.1 Места за мониторинг на емисии и земање на примероци ќе се достават во прилог со мерењата

П Р И Л О З И

Прилог 1; Локација на мерни места на кои се извршени Мерења на нивото на Бучава во животната средина



Прилог XI

ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ

XI.1 Вовед

Во барањето за добивање на интегрирана еколошка довола до надлежниот орган, разгледани се сите аспекти кои што имаат влијание врз животнаат средина, направена е оценка на истите и врз основа на тоа одреден е мониторинг врз истите.

"Мониторинг" се однесува на процесните услови, емисии во животната средина како и мерења на нивоата на загадувачи во животната средина и известување за резултатите од тие мерења со цел да се покаже почитување на границите кои се специфицирани во дозволата или во други релевантни документи. "Мониторингот" се спроведува за да се обезбедат корисни информации, а се базира на мерења и набљудувања што се повторуваат со определена зачестеност во согласност со документирани и договорени процедури.

Термините "мониторинг" и "мерење" во секојдневниот јазик често се поистоветуваат. Во ова упатство овие два термини се разликуваат по опсегот:

- Мерењето вклучува низа на операции за да се одреди вредноста на квалитетот, и покажува дека индивидуалниот квантитативен резултат е постигнат.

- Мониторингот вклучува активности на планирање, мерење на вредноста на одреден параметар и определување на несигурноста на мерењето. Понекогаш мерењето може да се однесува на едноставно набљудување на даден параметар и определување на несигурноста на мерењето. Понекогаш мониторингот може да се однесува и на едноставно набљудување на даден параметар без бројчани вредности т.е без мерење (на пр. инспекција на површински истекувања).

XI.2 Идентификување на аспекти на мониторинг

При поставување на оптималните услови на мониторинг следните седум аспекти треба да бидат земени во предвид:

1 Причина на мониторингот

2 Одговорност за мониторингот

3 Принцип на практичен мониторинг

4 Аспекти на мониторингот при поставување на граници

5 Период на мониторинг

6 Оценка на усогласувањето

7 Известување

XI.2.1 Причина на мониторингот

Според Законот за животна средина, сите МДК во Б интегрираните дозволи треба да бидат базирани на примената на Најдобрите достапни Техники (НДТ). Основни причини за неопходноста на мониторингот се:

- Се проверува дали емисиите се во границите на МДК.

-Одредување на придонесот на одредена инсталација во загадувањето на животната средина.

XI.2.2 Одговорност за мониторингот

Согласно Законот за животна средина, организацијата е одговорна за мониторингот. Општината може да да спроведе сопствен мониторинг за инспекциски цели. Операторот и Општината можат да ангажираат трета страна да го спроведе мониторингот за нив. Но, крајната одговорност за мониторингот и неговиот квалитет е на Операторот и Општината, а не на оној кој го вршел мониторингот за нив.

XI.2.3 Принцип на практичен мониторинг

При изборот на практичен мониторинг треба да се идентификуваат следните аспекти:

- Избор на параметрите
- Фреквенција на мониторинг
- Метод на мониторинг
- Интензитет на мониторингот

XI.2.4 Аспекти на мониторингот при поставување на граници

За да се постават границите мора да се земе во предвид начинот на поставување на границите, кои се видови на граници и аспекти ќе се земат во предвид како дел од поставувањето на границите. Идентификувањето на аспектите на мониторингот при поставување на границите се врши по следните параметри:

- Услови на процесот
- Опрема на процесот
- Емисии на процесот
- Услови на испарување во процесот
- Влијание врз животната средина
- Употреба на ресурси
- Процент на собрани податоци од мониторингот

XI.2.5 Период на мониторинг

Кога се поставуваат условите на мониторингот во врска со времето треба да се земат во предвид:

- Времето на земање на примероци или вршење на мерење
- Просечно време
- Фрекфенција

Времето на земање примероци или вршење на мерење се однесува на датумот, часот од денот и седмицата, месецот итн.

Просечно време е она време, во кое резултатот од мониторингот е прикажан како репрезент од просечни оптоварувања или концентрации на емисијата. Може да биде часовно, дневно, седмично, месечно, годишно итн.

Фрекфенцијата се однесува на времето помеѓу земањето на индивидуалните примероци и генерално и е поделено помеѓу континуиран и неконтинуиран мониторинг.

XI.2.6 Оценка на усогласувањето

Резултатите од мониторингот се користат за оценување на усогласувањето на инсталацијата со границите поставени во дозволата. Оценката на усогласувањето вклучува споредба помеѓу:

- мерењата или статистичкото резиме пресметано од мерењата
- релевантните МДК или еквивалентен параметар
- отстапување од мерењата

XI.2.7 Известување

Известување за резултатите од мониторингот вклучува сумирање и презентирање на резултатите од мониторингот, поврзаните информации и заклучоци од усогласувањето на ефикасен начин.

XI.3. Програма на мониторинг

Определувањето на Програмата за мониторинг ги вклучува следните параметри:

- Точките и параметрите на мониторинг

- Фреквенција на мониторинг

- Методи на земање на примероци и анализи

- Систем за известување

XI.3.1 Точките и параметрите на мониторинг

При изборот на точките на мониторинг во предвид се земени значајните точкасти извори, соодветните точки за мониторинг на амбиеталната животна средина и мониторинг на критичните процесни параметри. Мониторинг се врши на оние извори на емисии за кои се смета дека имаат значајно влијание врз животната средина како и на оние за кои се потребни мерки за намалување за да се постигнат прифатливи нивоа на емисии.

XI.3.2 Фрекфенцијата на мониторингот

Фреквенцијата на мониторингот е одредена во зависност од значењето и брзината на влијанието, факторите на ризик и потребата од мониторинг и од анализа на ресурсите. Фрекфенцијата може да биде континуиран мониторинг, периодичен, часовен, дневен, седмичен, месечен, годишен или мониторинг во дадена прилика за даден настан.

XI.3.3 Методи на земање на примероци и анализи

Методите за земање на примероци и анализи треба да бидат стандардни или валидизирани еквивалентни договорени со надлежен орган.

Персоналот треба да биде соодветно квалификуван и целосниот опсег на земањето на примероци и правењето на анализи треба да бидат предмет на контролата на квалитет.

XI.4 Предлог за мониторинг на емисии

Предложен е мониторинг на емисија на респирабилна прашина, бучава и вибрации од линиите за дробење на минерални суровини при производството на готова Бетонска маса како и производството на павер елементи. Мониторингот се предлага да се изведува еднаш годинишно со исклучок на мониторингот на вибрациите кој би се изведувал само во случај на потреба, на следните места за мониторинг и за следните параметри:

Мерно место 1 (Влез на локација)

1 и 6	Бучава и Респирабилна прашина PM10

Мерно место 2 (Јужно од локацијата на инсталацијата)

2 и 5	Бучава

Мерно место 3 (Северно од локацијата на инсталацијата)

3	Бучава

Мерно место 4 (источно од локацијата)

4	Бучава

Мониторинг на емисиите на сите мерни места ќе се изведува на местата дефинирани во Планот на мерни места во Табела 1

Табела 1: План на мерни места за мониторинг и земање на примероци

Референтна точка	**Опис**
Мерно место 1 и 6 бучава и прашина	Влез на Локација за сепарација, бетонска база и влез на локација за ископ на минерална суровина
Мерно место 2 и 5	јужно од локацијата за сепарација, бетонска база и локација за ископ на минерална суровина
Мерно место 3	Северно од локација
Мерно место 4	Источно од локација

Мониторингот ќе го изведува овластена компанија за мерење на емисиите во воздухот а ќе се однесува на мерење емисиите на отпадни гасови од процесот на производство, мерење на бучавата на границите на локацијата и мерење на емисиите на респирабилна и ПМ10 прашина.

XI.4.1 Мапа на локацијата со означени точки на мониторинг

Ќе се достават во прилог на мерењата



Прилог XII

ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

XII.1 Обем

Инсталацијата на „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ" поднесува барање за Б – ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА до Локалната самоуправа – Општина Струга и според содржината на формуларот на барањето треба да достави Програма за подобрување на еколошките перформанси на инсталацијата и приближување кон перформансите на најдобрите достапни техники во врска со емисиите во воздух, вода и почва.

Програмата за подобрување е направена според барањата на Законот за животна средина и правилникот за постапката за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола.

XII.2 Вовед

Инсталацијата на „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ" , ги има редуцирано сите емисии во воздух, вода и почва и со тоа допринесува за зачувување и унапредување на животната средина. Со почетокот на работа на инсталацијата се комплетирани сите започнати активности за добивање на концесијата и одобрување на Главниот рударски проект кој фирмата го има изработено и е во постапка пред надлежното министерство.

Во развојниот план на фирмата се планира воведување на концепт за почисто производство каде што пристапот на решавањето на проблемите е поинаков и ќе се делува на изворот на загадување со примена на нови техники, минимизација и употреба на отпадот.

Енергетската ефикасност е решена со оглед дека машината е од поново производство и ги задоволува прописите за безбедност како на луѓето така и на животната средина. е од поново производство и е модернизирана и потрошувачка од страна на електромоторите која е и главна и најголема ставка во производните

трошоци е намалена. Со намалување на потрошувачката на електрична енергија ќе се даде придонес во глобалното намалување на загадување на воздухот преку заштеди при производство на електрична енергија од фосилни горива.

Сите активности по фази се така планирани да не предизвикаат зголемени влијанија врз животната средина, зголемени трошоци на суровини и енергија. Припремите и адаптациите ќе бидат така испланирани да не предизвикаат застој на производниот процес. Единствено ќе се запира кога тоа е неопходно и во исто време ќе се изведат некои поправки кои се предвидени со планот за редовно одржување.

Потребата за задоволување на законските обврски и проектната програма ги дефинира сите функции на објектот, а во голем дел од нив ја наметнаа функционалната шема, конструктивниот систем, токовите на комуникација околу објектот во динамичниот и стационарниот сообраќај, како бројот на учесници во производниот процес, се со цел за задоволувањена безбедносните и технолошко техничките потреби на објектот во неговата идна функционална искористеност.

Со градбата на објектот кој е фабрички произведен од челична конструкција се наметнаа условите за заштита на објектот, вработените и животната околина. За таа цел ќе се изработат и проекти за противпожарна заштита и заштита при работа,.

За посебна заштита на животната средина со самата изградба на објектот превземени се следните мерки:

• Бетонирање на дел од локацијата на сепарацијата, бетонската база каде е поставана сепарационата машина

• Се предвидува да се засадат дрвја околу оградата на објектот.

• Обезбедување на договори со овластени фирми за сервисирање на возилата и комуналниот отпад.

• Инсталирање на распрскувачи за вода на критичните точки заради превенција од прашина од отворен простор.

Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга

Во текот на работа како посебни мерки за подобрување на работата и заштитата на животната средина ќе се преземаат и следните активности:

• Бетонирање или поставување на павре елементи на сите патеки за манипулација на тешките возила, како не би се кревала прашина и би можело почесто да се врши миење и чистење на бетонското плато – рок на извршување: 2 години,

• Користење на еколошки нафтени деривати за возилата.

• Сервисирање на возилата надвор од кругот на сепарацијата во фирма специјализирана за таа дејност, договор ќе се достави по започнување со работа.

• Користење на вода во ситата за класирање на фракциите на сепариран песок, за намалување на прашината.

• Во иднина при работа на инсталацијата, посебно внимание ќе се обрни на придржување на пропишаните мерки за заштита од пожар и заштита на животната средина. Со сите тие мерки ќе биде запознаен и обучен раководителот на базата, кој ќе биде и задолжен за спроведување на истите.

Посебно внимание ќе има зачувувањето на чистотата и хигиената во кругот на базата. Навремено чистење на патеките, собирање на отпадоците во посебен контејнер и негово навремено празнење на депонија.

Раководителот ќе биде посебно задолжен за навремено чистење на отпадот од работата и престојот на вработените, како истиот не би се расфрлал по објектот.

На сите вработени ќе им биде нагласено да внимаваат на било каква хаварија на опремата и возилата, и истекување на масла или гориво од истите. При такви случаи, тие истечените отпадоци ќе ги собираат со крпа, а потоа истите ќе ги фрлат во посебен контејнер, да не се мешаат со другиот комунален отпад. После собирањето со крпа, ќе се врши и миење на местото.

На тој начин ќе се врши обезбедување на животната средина од било какви штетни влијанија.

Може да се заклучи дека оваа Инсталација нема да има емисии на штетни материи, во цврста, течна или гасовита состојба, кои се над максимално дозволените концентрации (МДК) ниту над максимално дозволените количества (МДКО) што смеат да се испуштаат, па затоа и специјални предлог-програми за подобрување и заштита на животната средина во моментот на започнување со работа не се изработуваат.

Додека потоа откако инсталацијата ќе започне со работа и ќе се извршат потребите предвидени мерења на испуштените материи во воздухот и водата, добиените резултати ќе ја покажат потребата од изработка на програми и проекти за подобрување и заштита на животната средина.

XII.3 Мониторинг на емисии на ПМ10 прашина

Заради исполнување на барањата за мониторинг на емисиите на прашина, од активностите во каменоломот, сепарацијата и бетонската база, предвиден е мониторинг на ПМ10 прашина, на местата определени во Предложениот мониторинг и местата за земање на примероци.

XII4 Мониторинг и начин на известување;

1.Инсталацијата на „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ” ќе го контролира реализирањето на секоја мерка за унапредување на животната средина и преку лицето надлежно за животната средина ќе ја известува локалната самоуправа.

2. Известувањето ќе се врши со пишан извештај и телефонско јавување до надлежниот орган во локалната самоуправа.

3. Мониторингот на влијанијата за животната средина ќе се врши според програмата и планот за мониторинг и мерења на Инсталацијата на „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ”, Мерењата на мерливите параметри (емисија во воздух и сл.) ќе се врши на лице место и во лабораторија на специјализирана фирма, а немерливите ќе се контролираат визуелно или ќе се врши проценка според признати методи.

4. Документите со резултатите од извршените мерења ќе ги чува раководителот на производството. Истите ќе бидат достапни за инспекциските служби.

XII.5 Вредностите на емисиите за време на реализација на одделните фази на планот;

При замена на старата опрема со нова се планира постројката да не работи и не се очекува надминување на дозволените на вредности на емисии во воздух, зголемување на потрошувачката на суровини и енергија.

Заради следење на емисиите на прашина кои се класифицирани како фугитивни а со оглед на фактот дека во законската регулатива не се дадени гранични вредности за фугитивни емисии, операторот се обврзува дека ќе го следи квалитетот на амбиенталниот воздух (ПМ 10 и респирабилна прашина на годишно ниво) и ќе презема мерки за намалување на емисиите

Прилог XIII

СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СИТУАЦИИ

XIII Вовед

Пред се раководителот на инсталацијата ќе биде одговорен за правилното работење и функционирање на истата. Постојано ќе се врши надгледување на работата на опремата за да се забележат и најмали недостатоци кои би можеле да доведат до хаварија. Исто така ќе се врши и навремено сервисирање на опремата пропишано од производителот.

Во случај на хаварија или поголем дефект на инсталацијата, раководителот веднаш го запира понатамошното производство и наредува отстранување на предизвиканата штета.

Во случај на евентуални мали хаварии на возилата кои поминуваат низ базата, и истекување на масла или гориво од истите, исто така веднаш се реагира како истите отпадни деривати не би дошле во отпадната вода. Имено се врши собирање и бришење со крпи, а потоа крпите се стават во посебни затворени канти кои не смеат да се транспортираат и мешаат со другиот комунален отпад. Дури откако добро ќе се собере и исчисти истеченото гориво или масло, после тоа се врши миење на местото со вода.

Во објектот постојано ќе дежура чувар. Бидејќи базата ќе работи само дење и по потреба, не постојат шанси за хаварии ноќно време. Доколку сепак нешто се случи чуварот веднаш ќе го извести раководителот на објектот. Додека за сето време кога истата работи, на објектот ќе бидат присутни постојано раководителот, машинистот и другите вработени, така да навремено ќе се реагира при било каква хаварија. Постапката е иста како и при вообичаеното пуштање и запирање на опремата во работа, само што тогаш веднаш се врши моментално принудно исклучување од работа. Како превентивна мерка е опфатено поставувањето на лесно воочливи пригодни табли или други знаци за забрани и предупредувања, со натписи или цртежи кои информираат за опасностите и забранетите постапки.

Заклучок

Природата на процесите кои се одвиваат на оваа Инсталација е таква да нема опасност од големо влијание врз животната средина при евентуална хаварија или итен случај.

Упатство за подготвеност при вонредни состојби

Содржина

1. Намена и цел

2. Подрачје на примена

3. Поими и дефиниции

4. Опис на текот на активностите

5. Референтни документи

6. Записи

7. Прилози

Намената и целта на Упатството за подготвеност при вонредни состојби е одредување на можни вонредни состојби, планирање на активностите за одзив и спречување и ублажување на можните влијанија врз безбедноста и квалитетот на производот и врз животната средина.

Се применува во сите работни делови во Погонот на инсталацијата „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ”.

Поими и дефиниции

Подговеност за реагирање/одзив при вонредни состојби - креирање на одговор, при ситуации за кои постои мала веројатност дека ќе се случат.

Хаварија - во однос на спречување и контрола на хаварии, е појава на голема емисија, пожар или експлозија настаната како резултат на неконтролирани настани во текот на работењето на било кој систем, со учество на една или повеќе опасни супстанции, а што доведува до сериозна опасност за животот и здравјето на

човекот и за животната средина, веднаш или подоцна, во или надвор од системот што вклучува една или повеќе опасни супстанции.

Инцидент - непланирано случување кое може да доведе до помали незгоди.

Хаварија - непланирано случување кое може да биде причина за смрт, тешки повреди, професионални заболувања, оштетувања, штета или друг вид на загуба.

Опасност - извор или ситуација со можности на предизвикување на штета во областа на повреда на работно место, професионалнии заболувања, штета за имотот, штета на работната средина или комбинација на истите.

Идентификација на опасностите - постапка за утврдување на постоењето на опасност и одредување на нејзините својства

Опис на текот на активностите

Идентификација на потенцијални инциденти и вонредни ситуации

Се идентификуваат потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и тоа:

- инциденти при вообичаените работни активности
- инциденти при одржување на опремата и објектите
- индустриски хаварии
- елементарни непогоди (поплава, земјотрес и сл.)

Изработка на список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации

Запознавање на вработените со потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и планот за реагирање при инцидентите и вонредните ситуации

Надлежности

АКТИВНОСТ	**НАДЛЕЖНОСТ**
Идентификација на потенцијалните инциденти и вонредни ситуации	Тим
Изработка на список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации	Координатор за животна средина
Изработка на план за реагирање при инцидентите и вонредните ситуации	Координатор за животна средина (Управител)

Одобрение на планот	Управител
Запознавање на вработените со потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и планот за реагирање при инцидентите и вонредните ситуации	Управител

Референтни документи

- Закон за животната средина и други сродни закони кои ја покриваат ова проблематика.

Записи

Во записи се внесени документите кои се објективен доказ за спроведена активност или постигнати резултати.

Реден број	**Име на записот**	**Место на чување**	**Време на чување**	**Одговорно лице**
1.	Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации	Архива	5 год	Координатор за животна средина
2.	План за реагирање при инциденти и вонредните ситуации	Архива	5 год	Координатор за животна средина

XIII.5.7 Прилози

- Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации
- План за реагирање при инциденти и вонредните ситуации

XIII.5.7.1 Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации

Елементи на процесот	**Опис**	**Што се работело**
Инциденти		
Пожар	Пожар на објектите, инсталациите, возниот парк	-Неисправност на електричната инсталација. -Неисправност на трансформаторската станица - Неисправност на громобранската инсталација - Ел. инсталација на машините и возниот парк

Експлозија	Пожар и механичко уништување на објектите, инсталациите, возниот парк	- Користење пламен и алат што искри во магацинот за стопански експлозив - Не придржување кон постапките за складирање, ракување и транспорт на експлозивни средства - Заостанати неексплодирани мини во миниранатa површина - Неисправна вентилација и услови на чување на стопанскиот експлозив - Неисправен сигурносен вентил на компресорот за воздух
Вонредни ситуации		
Зедмјотрес		
Поплава		
Саботажа		

План за реагирање при инцидентни случаеви

Вид на инцидент/вонредна ситуација	**Можни влијанија на ЖС**	**Мерки**
Пожар на објектите, инсталациите, возниот парк	Загадување на воздухот, почвата и водите	- Исклучување на доводот на електричната енергија - Итен повик на Службата за ПП заштита; итна помош; - Исклучување на инсталацијата за довод на електрична струја. - Изолирање и дислокација на запаливите материи складирани во магацинот за стопански експлозив и механичарската работилница (платнени вреќи, боци, масла, амбалажа и сл.) - Обука за користење на ПП апаратите и хидранти. - Контрола на превентивното одржување од страна на овластен субјект. - Примена на Правилникот за заштита при работа и Нормативот за користење на лични заштитни средства.

		- Контрола на исправноста на хидрантите
Експлозија од технолошкиот процес	Опасност по животот на вработените и загадување на атмосферата	- Редовна контрола и придржување кон постапките за складирање, ракување и транспорт на експлозивни средства - Контрола на ПП апаратите и хидранти. - Контрола на превентивното одржување од страна на овластен субјект. - Итен повик на Службата за прва помош. - Исклучување на системот за довод на електрична енергија. - Едукација на вработените. - Примена на Правилникот за заштита при работа и Нормативот за користење на лични заштитни средства.
Земјотрес	Загадување на воздухот, почвата и водите	- Запирање на процесот на производство и довод на електрична енергија. - Итен повик на Службите за ПП-заштита и Прва помош. - Редовно превентивно одржување на опремата и инсталациите. - Санација на оштетувањата од било кој вид во соработка со соодветни стручни екипи. - Испитувања и соодвтни мерења пред пуштање во повторна работа на технолошката линија , анализа на почвата зафатена од елементарната непогода). - Контрола на ПП- апаратите на извршени редовни превентивни прегледи и обука за нивно користење. - Примена на Правилникот за заштита при работа и

		Нормативот за користење на лични заштитни средства.
Поплава	Загадување на водите и почвата	- Контрола на ситемот за одвод на атмосферска вода; - Контрола на шахтите и нивно превентивно одржување во исправна состојба. - Редовно пратење на хидрометеоролошката прогноза и дефинирање на начинот на прифаќање на атмосверските врнежи. - Постојан контакт во вакви состојби со ПП службата и ЈКП. - Активно учество при санацијата на последиците од поплавата во соработка со соодветни стручни институции. - Анализа на загадувањето на медиумите на животната средина. Во случај на неусогласености, се превземаат мерки за одстранување - Анализа на почвата на местата на деградација и превземање на соодветни корективни мерки од страна на соодветни стручни институции. -Примена на Правилникот за заштита при работа и Нормативот за користење на лични заштитни средства.

Одговорни лица	Име	Тел. службен	Тел. домашен
Раководител на производство			
Управител	Љундрим Рахмани	072/263 303	

Поважни телефони	**Број**
Противпожарна бригада	**193**
Полиција	**192**
Брза помош	**194**

Прилог XIV

РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА

Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга

Објектот е релативно нов и се прави со цел во иднина да ја изведува својата функција за која е наменет. Но ако дојде до било какво запирање на активноста, делумен или целосен престанок, ќе се преземат сите неопходни мерки за отстранување на штетните материјали.

Ако се работи за делумен престанок на активностите, прво ќе се изврши комплетно чистење на објектот и околината. Комуналниот отпад ќе се однеси на депонија. Опремата ќе се конзервира според вообичаените постапки од производителот, и ќе се исклучи доводот на вода и електрична енергија.

Сите тешки возила ќе се отстранат од кругот на инсталацијата.

Пред почнување со работа, ќе се провери опремата и околината околу неа дали некаде има истечено масло при конзервирањето, и истото да се отстрани со бришење и чистење со крпи, како што е претходно објаснето и ќе се продолжи со вообичаените постапки без да има влијание врз животната средина.

При целосен престанок со работа, ќе се изврши комплетно чистење на објектот и теренот. Празнење на платото од готовиот производ и носење на друго соодветно место или во бетонската база која се наоѓа во непосредна близина на сепарацијата а е сопственост на истат фирма . Исто ќе се изврши отстранување на комуналниот отпад и чистење на локацијата.

Локацијата ќе биде санирана и оставена во безбедна состојба.

Од битно значење е рекултивацијата да се врши со автохтони растенија.

Што се однесува до каменоломот кој се наоѓа на локација наменета за експлоатација на минерални суровини секогаш ќе биде атрактивен за дополнување и проширување на линијата на производство.

Сепак, за екстремен случај на затварање на локацијата, предложени се мерки со цел да се минимизираат краткорочните и долгорочните ефекти на активноста врз животната средина по престанок на активноста на локацијата.

Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга

Предложените мерки за минимизирање на влијанието на животната средина во случај на целосен или делумен престанок со работата на дел на активноста на инсталацијата ДООЕЛ „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ“.

Бидејќи локацијата наменета за ископ, сепарација на минерални суровини и производство на готова бетонска маса во прв ред е пренамена за друг вид на активности или пренамена во пошумено земјиште или пасиште.

За доведување на локацијата до состојба на шума или пасиште потребно е да се направат анализи на почвата и дополнителни истражувања со кои би се утврдило дали е потребно деконтаминирање или отстранување на контаминираниот слој на локацијата.

Доколку се утврди контаминација на површината ќе се превземат соодветни мерки во согласност со Законот за заштита од јонизирачко зрачење, Законот за управување со отпад и Законот за заштита на животната средина.

Доколку опремата и машинеријата се сеуште функционални, ќе бидат преместени на соодветна локација за таа намена.

Доколку се надвор од функција, во зависност од материјалот од кој се изработени ќе бидат селектирани и продадени како секундарна суровина.

Карактеристиките на опремата се дадени во Прилог II барањето за интегрирана еколошка дозвола.

Прилог XV

РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ

Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга

Каменоломот, сепарацијата и бетонската база на „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ ДООЕЛ“ е комплекс каде се врши производство на дробен камен од сите фракции потребни за тампонирање и производство на готова бетонска маса за користење на материјалот за изработка на бетонски елементи како столбови за огради, камени подови и друга бетонска галантерија со калапи.

За процесот на производство потребна е одредено количество на камен кои по мтретманот на сепарацијата се чува во надворешната околина и е подложно на атмосферски влијанија но со оглед дека се работи за камена маса овие влијанија немаат големо значење нврз готовиот производ гранулататотпо третманот во сепарацијата е измиен и има мали концентрации на лес и прашина.

За спречување на подигнување на прашина, која ја создаваат моторните возила при истовар на материјалите и при движење низ кругот се предвидува целосно бетонирање на патиштата за манипулација.

Извесно аеро загадување има од издувните гасови на возилата кои доаѓаат во текот на производството. Затоа ќе се користат еколошки деривати како што и налага новата законска регулатива и за тешките возила кои ќе доаѓаат и работат во инсталацијата.

Бидејќи во процесот на производство се јавува и неминовна бучава и вибрации од опремата и возилата, за истата сметаме дека не ја надминува пропишаната дозволена граница, а за точни податоци ако е потребно ќе се извршат контролни мерења и соодветно на тоа ќе се преземат и мерки за намалување на истата доколку постои зголемено ниво.

Појавата на тврд комунален отпад се регулира со депонирање на истиот во посебни контејнери за него и потоа негово транспортирање на градската депонија. Исто така количеството на тврдиот отпад не ја преминува границата која би предизвикала загадување на околината.

Во кругот на инсталацијата не се врши никакво сервисирање на тешките возила, ниту се чуваат резервни делови (акумулатори, масла и сл.) и гориво за

истите. За сервисирање на истите постои договор со овластена фирма, што е во прилог на документацијата.

По извршеното бетонирање на патеките за манипулација, ќе се изврши заградување на просторот и ќе се посадат дрвја околу оградата, кои би претставувале на некој начин и природен аерофилтер.

Инсталацијата ќе работи неконтинуирано, по потреба, а со оглед на лошите зимски климатски услови во Битолскиот регион со остри зими и многу ниски температури инсталацијат во зима и воопшто нема да работи.

Објектите и опремата на оваа инсталација се од времен карактер и истите по престанокот на работа на инсталацијата се демонтираат и пренесуваат на друга локација. Отстранување на отпадот или било какви хемикалии на локацијата на инсталацијата ќе бидат отстранети или рециклирани преку соодветни овластени фирми, а локацијата ќе се санира и ќе биде оставена во безбедна состојба, а рекултивацијата ќе се изврши со автохтони растенија.

Заклучок:

Од Инсталацијата нема емисии во површинските води.

Од Инсталацијата нема загадување од отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени.

Инсталацијата е лоцирана надвор од населено подрачје, во индустриски регион каде има и други сепарации што веќе работат, така да бучавата и вибрациите од оваа инсталација немаат влијание надвор од нејзината локација.

Од Инсталација нема нејонизирачко зрачење.

Самата локација нема атмосферска канализација а атмосферските води по гравитациски пат се одведуваат во природна вододерина

Просторот е поделен на неколку целини:

- гредоредна дробилка-чекичар (технолошка линија за примарно и секундарно дробење),

- склад за готови производи и полупроизводи

- помошни објекти и канцеларии

- пристапен пат

Годишниот капацитет изнесува 15.000 тони камени фракции и околу 80 $м^3$готова бетонска маса на час, со работа во една смена 250 работни денови во текот на годината.

Површинскиот коп кој ќе го користи сепарацијата ДООЕЛ „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ“од брдско длабочински тип на откопување на минералните суровини кој овозможува: ниски експлоатациони трошоци, потполно искористување, побезбедна работа со помал број на вработени и примена на висок степен на механизираност при работењето. Технолошкиот процес на експлоатацијата се врши со примена на дисконтинуирана технологија односно со примена на дупчачко-минерски работи, липерирање, товарење на ископаниот материјал и транспорт со камиони до примарна дробилка во сепарацијата. Откопувањето се изведува етажно.

Материјалот варовник со гранулација од 600мм, од површинскиот коп со камиони се довезува до приемниот бункер (поз.2). На влезот од приемниот бункер е поставена стационарна решетка (поз.1), со растојание меѓу решетките од 200мм, која оневозможува влегување на парчиња поголеми од 200мм во приемниот бункер. На излезот од приемниот бункер е поставен вибро додавач (поз.3) кој врши рамномерно дозирање на материјалот на вибрационата решетка (поз.4). Вибрационата решетка е со две просевни површини со отвори од 50мм и 32мм. Производот 0-32мм се смета за јаловина , која со транспортер со лента (поз.5) се носи на посебна депонија. Производот 50-200мм, гравитациски паѓа во примарна ударна дробилка (поз.6), а производот 32-50мм, заедно со издробениот материјал од примарната дробилка , со транспортерот со лента (поз.7), се носи на примарно вибрационо сито (поз.8). Примарното вибрационо сито е со две просевни површини со отвори од 32мм и 16мм. Производот 16-32мм, преставува

дефинитивен производ, кој со транспортер со лента (поз.9) се носи на депонија. Производот 32-50мм со транспортер со лента (поз.10) се носи на дробење во секундарна ударна дробилка (поз.11), каде се добива издробен материјал со гранулација од 0-16мм. Овој издробен материјал со транспортер со лента (поз.12) се носи на сеење на примарно вибрационо сито (поз.8). Производот 0-16мм со транспортер со лента (поз.13) се носи на секундарно вибрационо сито (поз.14) кое е со две просевни површини 8мм и 14мм. На секундарното вибрационо сито се издвојуваат три дефинирани производи 8-16мм; 4-8мм и 0-4мм кои со соодветни транспортни ленти (поз.15,16,17)се носат на посебни депонии.

Според барањата на пазарот, а преку менување на големината на отворите на ситата, може да се добиваат и фракции со други димензии.

Управителот (Љундрим Рахмани) раководи со целокупните активности во компанијата (комерцијалниот сектор и производството) и воедно е координатор за животна средина и одговорен за прашањата на барањето за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето на фирмата ДООЕЛ „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ“. Раководителот на производство е именуван за одговорен за интегрираното спречување и контрола на загадувањето под директна ингеренција на управителот. Управителот и Раководителот на производство претставуваат членови на тимот.

Целосната одговорност за работата и спроведување на мерките за намалување на емисиите е на управителот. Оваа одговорност е делегирана на персоналот одговорен за производство, одржување и развој.

Операторите се обучени за работа со опремата која им е доверена. Дадени им се инструкции за секоја забележана неправилност при вообичаени или невообичаени услови на работа да го известат раководителот или директно луѓето од одржување.

Службата за одржување е директно одговорна за правилно спроведување на мерките за намалување на емисиите.

Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга

Сите вработени се запознаени со постапката за спречување или намалување на последиците од непредвидени ситуации (поплава, земјотрес, пожар, гром и сл.) и се обучени за тоа.

Менаџерот за животна средина (управителот) е одговорен за мониторинг на спроведување на мерките за намалување на емисиите за да се овозможи коректна и оптимална работа.

Во процесот на производство и преработка се користат неметални минерални суровини кои се добиваат преку ископување и предходно примарно дробење. Суровините кои се користат и можат да се преработат имаат тврдина 8 по Мосовата скала.

Доставувањето на суровините во иднина ќе биде од сопствениот ископ на мермеризирани варовници на месноста “Бабуш ” над с.Загралчани.

Суровините воглавно се поделени на две групи според својата природа и намена:

2. Карбонатни суровини:

- калцити

- сив варовник

- доломити,

Користењето на помошните материјали се однесува на:

- Минерски активности

- одржувањето на механизацијата и опремата,

- средства за одржување на хигиена како и

Појава на фугитивна емисија на прашина се јавува и на следните места:

- При дупчење, минирање, утовар и транспорт;

- На отворен склад (-120 +0) мм;

- На пресипни места (додавачите и сипките) при процесот на производство;

- На отворен склад, при пад на материјалот од транспортна трака, за готов производ-фракцијата од (-4+0) мм;

- При транспорт на сепариран варовник по отворени транспортни траки.

За намалување на фугитивните емисии односно на позициите каде што се забележала зголемена количина на прашина превземени се посебни мерки и тоа:

Работите во фирмата ДООЕЛ „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ“, се изведуваат на отворен простор и многу брзо и краткотрајно доаѓа до распостирање на прашина и гасовитите продукти, , кои со природна вентилација се евакуираат. Прашината главно содржи калциум карбонат, ЦаЦО3. Оваа компонента при дупчење, утовар и транспорт, може да делува само врз вработените во работната средина и за заштита од истата вработените применуваат заштитни респираторни средства. Патиштата кои се користат за транспорт се прскаат со вода.

Отворените транспортни траки на готови производи се покриваат со монтажно-демонтажни капаци или има поставено водено отпрашување (распрскување) на дробилката и на оние места од траките каде што дозволува технологијата на работа каде што не доаѓа до намалување на квалитетот на производите.

Фирмата ДООЕЛ „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ“ применува распрскувње на вода во околината на, отворените складишта, внатрешните сообраќајници како и редовно чистење на бункерите за дотур на суровина и стопанскиот двор од заостаната прашина.

Производството на неметални материјали во основа е сув процес. Отпадната вода не се создава со исклучок на дождовните води од локацијата.

Од локацијата на фирмата ДООЕЛ „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ“нема испуштање на отпадна вода во површински води.

Со оглед на нивото на бучава на локацијата, предизвикано од минирањето, работењето на дробилките, движење на транспортните уреди и транспортните возила и од сите други активности во погонот како утовар-истовар, укажува дека на

границата на локацијата со другите објекти нивото на бучава не ги надминува дозволените граници.

Фирмата ДООЕЛ „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ“ поднесува барање за Б интегрирана еколошка дозвола до Локалната самоуправа – Струга и според содржината на формуларот на барањето треба да достави Програма за подобрување на еколошките перформанси на инсталацијата и приближување кон перформансите на најдобрите достапни техники во врска со емисиите во воздух, вода и почва.

Програмата за подобрување е направена според барањата на Законот за животна средина и правилникот за постапката за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола.

Вработените се запознати со потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и со планот за реагирање при инцидентните ситуации.

Како превентивна мерка е опфатено поставувањето на лесно воочливи пригодни табли или други знаци за забрани и предупредувања, со натписи или цртежи кои информираат за опасностите и забранетите постапки.

Сепак, за екстремен случај на затварање на локацијата, предложени се мерки со цел да се минимизираат краткорочните и долгорочните ефекти на активноста врз животната средина по престанок на активноста на локацијата.

XVI. *ИЗЈАВА*

Со оваа изјава поднесувам барање за дозвола/ревидирана дозвола, во согласност со одредбите на Законот за животна средина (Сл.весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22, 171/22 и 3/25) и регулативите направени за таа цел.

Потврдувам дека информациите дадени во ова барање се вистинити, точни и комплетни.

Немам никаква забелешка на одредбите од Министерството за животна средина и просторно планирање или на локалните власти за копирање на барањето или на негови делови за потребите на друго лице.

Потпишано од: ДООЕЛ ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ Датум**: 05.09.2025**

(во името на организацијата)

Име на потписникот : Љундрим Рахмани

Позиција во организацијата: Управител/Сопственик

Печат на компанијата

XVII. ПРИЛОЗИ

Во прилог на барањето за Б - Интегрирана еколошка дозвола, Ви ја доставуваме и следната техничка документација:

- Решение од централен регистар
- Договор за концесија
- Имотен лист
- Водостопанска согласност
- Решение за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот Бабуш во атарот на с.Заграчани, општина Струга
- Спецификација на сепарацијата

Напомена:

Сите доставени документи во Прилог на ова Барање се строго доверливи и не смеат да се стават на јавен увид без одобрена согласност од Инвеститорот.

Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга





Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга





Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга





Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга





Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга





Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга





Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга





Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга





Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга





Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга







Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга







Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга







Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга







Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга







Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга







Инсталација за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, ЗАГРАЧАНИ - КОМЕРЦ ДООЕЛ с.Заграчани, општина Струга



Завршен коментар

На барање на клиентот, ТДГТСУ Несим Рахмани „ЗАГРАЧАНИ КОМЕРЦ“ увоз – извоз, Заграчани ДООЕЛ с.Заграчани – Струга, Емил Стојановски дипл.инж.за заштита на животната средина, изработи Барње за обнова на Б - ИСКЗ за Инсталација: каменоломот, сепарацијата и бетонската база на Локалитет: с.Заграчани - Струга. Изработката на Барањето за обнова на Б - ИСКЗ е согласно обврската дадена во член 115 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22, 171/22 и 3/25).

Целта на Барањето за обнова на Б – ИСКЗ, е да може надлежниот орган да ги провери условите утврдени со дозволата и доколку е потребно истите да ги промени како и да се оцени влијанието врз животната средина од функцијата на активноста - предмет на овој Б – ИСКЗ и да обезбеди податоци потребни за планирање и спроведување на мерки за заштита на животната средина од страна на инвеститорот и надлежниот орган. При подготовката на Барањето земени се во предвид сите важни прашања од областа на животната средина релевантни за дадениот субјект, медиуми - воздух, вода и почва, како и областите на животната средина - отпад, бучава, миризба. Оцената на влијанието на објектот врз животната средина е подготвена врз основа на податоците добиени од операторот на активноста, фактичката состојба утврдена на теренот, а користени се и податоци од домашна и странска стручна литература.

Дипл.инж.за заштита на животната средина
Емил Стојановски